**ГРАНТОВИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ**
**ВО ОБЛАСТИТЕ ПРАВОСУДСТВО И ТЕМЕЛНИ ПРАВА**

# А Н А Л И З А

## ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ОДМЕРУВАЊЕ НА ВИДОТ И ВИСИНАТА НА КАЗНАТА ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ТЕТОВО, ВЕЛЕС, КОЧАНИ И КАВАДАРЦИ

**Мај, 2017**

**Проектот е финансиран од Европската Унија**

**ПРОЕКТ„МРЕЖА 23+„ ИПА 2015/372-126**
**ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

**СППМД-КАВАДАРЦИ**

**Истражувачи:**
**Проф.д-р Гордана Лажетиќ –Бужаровска**
**Проф.д-р Лазар Нанев**

**Изземање:**

**Овој документ е подготвен со финансиска поддршка на Европската унија.**
**Содржината на документот е одговорност на СППМД -Кавадарци, и во никој случај не може да се смета дека го изразува ставот на Европската унија.**

## СОДРЖИНА

**КОРИСТЕНИ АКРОНИМИ**

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ СО ОСНОВНИ ЗАКЛУЧОЦИ**
**ПРЕПОРАКИ *DE LEGE FERENDA***

**ПРВ ДЕЛ – ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ**

**I. ВОВЕД**
**Оправданост на проектот**

**II. МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**
**Предмет на истражувањето**
**Цели на истражувањето**
**Временски период на којшто се однесува истражувањето**
**Податоци во однос на анализираните пресуди**
**Приод и методи за анализа**
**Временска рамка за спроведување на проектот**

**ВТОР ДЕЛ –**
**СПОРЕДБЕН ПРЕГЛЕД НА РЕШЕНИЈАТА**
**ВО ОДНОС НА ОДМЕРУВАЊЕТО НА САНКЦИИТЕ**

**III. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА**
1. **Упатства за одмерување на санкциите во САД**
2. **Упатствата за одмерување на санкциите во Англија и Велс**
3. **Пропишани минимални санкции во Канада**
4. **Пропишани минимални и максимални казни во Република Ирска**

**ТРЕТ ДЕЛ –**
**АНАЛИЗА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ОДМЕРУВАЊЕ НА ВИДОТ И ВИСИНАТА НА КАЗНАТА**

**IV. УСТАВНИ ТЕМЕЛНИ ВРЕДНОСТИ**
**И ОСНОВНИ ПРАВНИ НАЧЕЛА ЗАГРОЗЕНИ СО ЗОВОВК**
1. **Повреда на начелото за поделба на власта**
2. **Повреда на независноста на судството**
3. **Повреда на слободното судиско убедување**
4. **Отстапување од основните начела врз кои се заснова казнувањето**
5. **Влијанието на ЗОВОВК врз квалитетот на судските одлуки**

**V. КОНТРАДИКТОРНОСТИ ВО КАЗНЕНОТО ПРАВО ПРЕДИЗВИКАНИ СО ЗОВОВК**
1. **Внатрешна контрадикторност во рамките на КЗ**
2. **Контрадикторност помеѓу КЗ и ЗКП**
3. **Степен на кривична одговорност**

**VI. ДИЛЕМИ ВО ОДНОС НА ОПФАТОТ НА ЗОВОВК**
1. **Контрадикторност помеѓу чл. 1, чл. 2 и чл. 9 од ЗОВОВК**
2. **Примена на ЗОВОВК во постапката спрема деца**
3. **Примена на ЗОВОВК во случај на судење во отсуство**
4. **Проблеми со изрекување на паричната казна**
5. **Одмерување на казна за дела во стек**
6. **Признание на вина во скратена постапка**
7. **Примена на ЗОВОВК во постапка за издавање казнен налог**

**VII. АСПЕКТИ ПОВРЗАНИ СО ОКОЛНОСТИТЕ СОДРЖАНИ ВО ЗОВОВК**
1. **Статус на поранешната осудуваност**
2. **Применливост на дел од пропишаните околности во ЗОВОВК**
   **2.1. Краток осврт врз некои од пропишаните олеснителни околности**
   **2.2. Краток осврт врз некои од пропишаните отежнувачки околности**

**VIII. ИМПЛИКАЦИИ ОД ПРИМЕНАТА НА ЗОВОВК ПРЕКУ АНАЛИЗА НА ПРЕСУДИТЕ**
1. **Воочени тенденции**
2. **Влијание на ЗОВОВК во однос на одмерувањето на санкциите**
3. **Дали се остварува целта на ЗОВОВК?**
4. **Примери на невоедначена практика и со примена на ЗОВОВК**
5. **Примери на заострена казнена политика**
6. **Примери кога според ЗОВОВК се изрекла полесна казна**

**IX. СТАВОВИ НА ПРАКТИЧАРИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО ФОКУС ГРУПИТЕ**

**X. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

**Прилог: 1 - Закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната, *(Службен весник на РМ, бр. 199 од 30.12.2014 година)***

# КОРИСТЕНИ АКРОНИМИ

| | | |
|---|---|---|
| **ВСРМ** | **-** | **Врховен суд на Република Македонија** |
| **ЕК** | **-** | **Европска Комисија** |
| **ЕКЧП** | **-** | **Европска конвенција за заштита на човековите права и основните слободи** |
| **ЕСЧП** | **-** | **Европски суд за човековите права во Стразбур** |
| **ЗОВОВК** | **-** | **Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната** |
| **ЗКП** | **-** | **Закон за кривичната постапка** |
| **КЗ** | **-** | **Кривичен законик** |
| **РМ** | **-** | **Република Македонија** |
| **СЕ** | **-** | **Совет на Европа** |
| **ССРМ** | **-** | **Судски совет на Република Македонија** |
| **УРМ** | **-** | **Устав на Република Македонија** |

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ СО ОСНОВНИ ЗАКЛУЧОЦИ

Слободното судиско убедување во делот на оценување кои околности и во која мера се важни при изборот и одмерувањето на кривичната санкција не смее да се шаблонизира ниту ограничува, бидејќи е тоа израз на судската независност во одлучувањето и е особено важен принцип во доказното право и теорија особено имајќи го предвид фактот што слободата на судиското убедување не значи самоволие и арбитрерност туку оцена во рамките на законито изведените докази на кои судот ја заснова својата одлука

Споредбената анализа покажа дека повеќе држави од *common law* системот го отфрлиле американскиот модел на упатства за одмерување на санкциите познат како *US guideline schemes* и развиле сопствени концепти. Англосаксонските држави се стремат кон упатства за одмерување санкции и дефинирање на целите на казнувањето бидејќи немаат систем на релативно пропишани санкции, нема законски минимум и максимум за секое кривично дело, ниту постојат пропишани околности кои судијата треба да ги има предвид. Тие се стремат кон сиситемот што го имаат европските држави на релативно одмерени казни со јасно дефинирани цели на казнувањето во смисла на генерална и специјална превенција. И покрај ова, еден дел од англосаксонските држави не познаваат систем на задолжителни упатства за одмерување на санкциите, туку е тоа оставено на оцени на судиите. Во поголем број држави од *common law* системот, упатствата за одмерување на санкциите немаат задолжителен карактер, при што тие се предмет на рационализација односно менување со тенденција да му се остави на судијата слобода во изборот и начинот на одмерување на висината на санкцијата прилагодена кон целите на казнувањето. Напуштањето на задолжителните упатства се должи на настојувањето да се остави слобода на судиите да прифатат олеснителни околности во зависност од карактеристиките на конкретниот случај без да бидат ограничени со шаблонизирани упатства.

Во државите каде што постојат упатствата како советодавна рамка, тие се сфатени како процес бидејќи се создавани во текот на повеќе декади, за разлика од кај нас каде што тие се сфатија како законски текст којшто наеднаш ќе се однесува на сите кривични дела и ќе биде донесен и покрај многубројните критики од научната и стручна јавност.

Истражувачите се на мислење дека причините за донесувањето на ЗОВОВК наведени во неговото образложение – дека тој ќе придонесе за надминување на воочените слабости со казнената политика и дека треба да се сфати како инструмент што ќе придонесе за воедначување на казнената политика при изрекувањето на казните – претставува директно мешање во судска власт и непочитување на улогата што ВСРМ ја има согласно УРМ, да обезбеди единството во примената на законите од страна на судовите.

Неизбежен е впечатокот дека законодавецот не бил доволно запознаен со ставовите на истакнатите англосаксонски теоретичари кои обрнуваат внимание на фактот дека упатствата за одмерување на санкциите може да имаат само помошна улога, бидејќи конечната одлука за видот и висината на санкцијата ја донесува судијата. Во оваа смисла при донесување на ЗОВОВК се испуштил од предвид фактот дека слободното судиско убедување е непозната категорија во англосаксонското право, со оглед на улогата на поротата.

Донесениот ЗОВОВК доведе до значителни отстапувања од етаблираните темелни вредности и ги загрози основни правни начела врз кои се темели современото казнено законодавство:

- уставно загарантираното начело за поделба на власта,
- независноста на судството,

- слободното судиско убедување и
- начелата за одмерување на санкциите.

Наместо да придонесе за надминување на вооченитe состојби во казненото право (широки казнени рамки; категоризација на кривичните дела и сл.), ЗОВОВК создаде досега непознати контрадикторности во рамките на казненото материјално и процесно законодавство со што сериозно се загрози имплементацијата на определени институти од општиот дел на КЗ, одредби од посебниот дел на КЗ и правилна примена на ЗКП.

Неизбежен е заклучокот дека законодавецот постапи брзоплето и без доволна анализа на сите импликации што ЗОВОВК може да ги предизвика особено во однос на постапката спрема деца (којашто е регулирана со посебен закон), примена на одредбите од општиот дел од КЗ во однос на изрекување парична казна за користољубие, ги минимизираше можностите за примена на одредбите за повторување на постапката согласно одредбите од ЗКП.

Се чини сосема прифатлив заклучокот дека во систем каде што во КЗ е пропишан законскиот минимум за секое одделно кривично дело, неприфатливо е да постои друг закон во кој се пропишува почетна основа за одмерување на санкцијата, бидејќи се добива впечаток дека КЗ, како системски закон од казнената област, недозволливо добива второстепено значење во однос на ЗОВОВК.[1]

Нагласувајќи ја можноста за ублажување на казната за 50% ако спогодувањето се одвива во текот на истражната постапка, се забележува недозволена доминација на јавното обвинителство во сферата на спогодувањето, а самото спогодување ја загуби смислата поради којашто беше воведено во ЗКП.

Невообичаено е висок процентот на дадени признанија на главна расправа и на постапки за издавање казнен налог, којшто, според ставот на истражувачите, во голем дел се должи на фактот што е тоа единствениот начин за ублажување на казната односно за одбегнување да се примени ЗОВОВК за дела за кои може да се изрече казнен налог.

Иако е кратко времето во коешто ЗОВОВК се применува, првичните анализи покажуваат дека тој не ја оствари целта поради којашто беше донесен бидејќи во практиката се воочува:

- невоедначена практика на судско одмерување на казната помеѓу различни судови и покрај примената на ЗОВОВК,
- примената на овој закон кај потешки кривични дела доведува до одмерување поблаги казни, а кај полесните кривични дела води кон неправично заострена казнена политика
- повеќе доведува до инструментализација на правото за потребите на политиката, одошто за воедначување на казнената политика
- судиите вообичаено ги ценат истите олеснителни и отежнувачки околности кои постоеја во чл. 39 од КЗ пред донесувањеТО на ЗОВОВК.

Комисијата за воедначување на казнената политика има неблагодарна задача да биде своевиден „ревизор“ на донесените одлуки од страна на судиите и да поднесува извештаи за примената на законот до ССРМ, иако тоа воопшто не е орган надлежен за следење на судската практика и нејзино воедначување.

---

[1] Н.Тупанчески/Г.Лажетиќ-Бужаровска, Sentencing guidelines – парадоксот на македонското законодавство, 5-ти Загребско - Скопски колоквиум, Загреб, 11-13.06.2015.

## ПРЕПОРАКИ *DE LEGE FERENDA*

### I. <u>ЗОВОВК да се поништи поради следниве причини:</u>

- ЗОВОВК е спротивен на УРМ - ЗОВОВК сериозно го нарушува начелото за поделба на власта предвидено во УРМ и му дозволи на законодавецот да влијае врз судското одмерување на санкциите;
- ЗОВОВК доведе до невообичаени контрадикторности во КЗ коишто може да имаат сериозни реперкусии;
- ЗОВОВК доведе до формализирање на слободното судиско убедување сведувајќи го на бодирање и пресметување бодовни разлики помеѓу олеснителните и отежителните околности, наместо грижа за специјалната превенција и индивидуализација на казната;
- Со ЗОВОВК на мала врата во казненото право се враќа повеќекратниот повтор како отежителна околност, но не како факултативна (каква што постоеше до 1996 година), туку во форма на задолжителна отежнувачка околност која неизбежно доведува до заострување на казната;
- Закон со слична содржина не постои ниту во европските држави, ниту во државите од англосаксонското право.

**Препорака за начинот на** :

Поништувањето може да се оствари на два начина:

- Измена на чл. 39 ст. 3 од КЗ – со што ќе отпадне основот за примена на ЗОВОВК, и тој ќе се поништи со влегување во сила на измените и дополнувањата на КЗ;

- Поднесување иницијатива до Уставниот суд на РМ со оглед на неговата конградикторност со темелните вредности од чл. 8 на УРМ (владеењето на правото и поделбата на власта); неусогласеност со некои одредби од УРМ (со чл. 98 изменет со Амандманот XXV, според којшто судовите се независни и со чл. 101 во однос на обврската на ВСРМ како највисок суд да го обезбеди единството во примената на законите од страна на судовите), како и поради контрадикторности што ги предизвикува во примената на определени одредбит во постојните закони (одредбите од општиот и посебниот дел на КЗ и со одредбите на ЗКП).

**Измени на чл. 39 од КЗ**

Со цел да се надмине воочената контрадикторност што ЗОВОВК ја предизвика во рамките на самиот КЗ, како и во неговиот однос со одредбите за спогодување од ЗКП, потребно е да се врати текстот на чл. 39, како што тоа беше пред измените на КЗ од февруари 2014 година (со тоа ќе отпадне основот за донесување посебен закон за одмерување) и да гласи:

**Општи правила за одмерување на казната**
***Член 39***

(1) Судот ќе му одмери казна на сторителот на кривично дело во границите што се пропишани со закон за тоа дело, имајќи ги предвид кривичната одговорност на сторителот, тежината на делото и целите на казнувањето.

(2) Судот ќе ги има предвид сите околности што влијаат казната да биде помала или поголема (олеснувачки и отежнувачки околности), а особено: степенот на кривичната одговорност, побудите од кои е сторено делото, јачината на загрозувањето или повредата на заштитното добро, околностите под кои е сторено делото, придонесот на жртвата во извршувањето на делото, поранешниот живот на сторителот, неговите лични прилики и неговото однесување по стореното кривично дело, како и други околности што се однесуваат на личноста на сторителот.

(3) При одмерувањето на казната судот посебно ќе води сметка за вкупното дејство на казната и нејзините последици врз личноста на сторителот и потребите на неговата ресоцијализација.

(4) Кога судот му ја одмерува казната на сторителот за кривично дело сторено во поврат, посебно ќе има предвид дали поранешното дело е од ист вид како и новото дело, дали делата се сторени од исти побуди и колку време поминало од поранешната осуда, односно од издржаната или простената казна.

(5) При одмерувањето на паричната казна, судот ќе ја има предвид и имотната состојба на сторителот, водејќи притоа сметка за неговите други приходи, за неговиот имот и за неговите семејни обврски.

## II. <u>Да се измени текстот на чл. 40 и да гласи:</u>

**Ублажување на казната**
***Член 40***

Судот може на сторителот да му одмери казна под границата пропишана со закон или да примени поблаг вид казна кога:

1) законот предвидува дека сторителот може да се казни поблаго,
2) ќе утврди дека постојат особено олеснувачки околности кои укажуваат дека и со ублажената казна може да се постигне целта на казнувањето или
3) кога ќе биде донесена пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот според одредбите од ЗКП во границите утврдени со чл. 41-а од овој закон.

## III. <u>Воведување нов чл. 41-а во КЗ</u>

Со цел за успешна имплементација на одредбите за Донесување пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот од Глава XXIX од ЗКП, неопходно е во КЗ да биде внесен нов член 41-а со следнава содржина:

***Граници на ублажувањето на казната***
***при спогодувањето согласно одредбите од ЗКП***
***Член 41-а***

(1) Кога постојат услови за ублажување на казната од член 40, судот ќе ја ублажи казната во овие граници ако:

1) за кривичното дело како најмала мера на казна е пропишан затвор во траење од десет години, казната може да се ублажи *до четири години* затвор,

2) за кривичното дело како најмала мера на казна е пропишан затвор во траење од осум години, казната може да се ублажи *до три години* затвор,

3) за кривичното дело како најмала мера на казна е пропишан затвор во траење од пет години, казната може да се ублажи *до две години* затвор,

4) за кривичното дело како најмала мера на казна е пропишан затвор во траење од четири години, казната може да се ублажи *до една година* затвор,

5) за кривичното дело како најмала мера на казна е пропишан затвор во траење од три години, казната може да се ублажи *до 8 месеци* затвор,

6) за кривичното дело како најмала мера на казна е пропишан затвор во траење од една година, казната може да се ублажи *до 70 дена затвор, а наместо казна затвор може да се изрече парична казна или алтернативна мерка*,

7) за кривичното дело е пропишана најмала мера на казна затвор под една година, наместо казна затвор може да се изрече *парична казна или алтернативна мерка*,

8) за кривичното дело е пропишана казна затвор до три години со назначување на најмалата мера, наместо казна затвор може да се изрече *парична казна или алтернативна мерка* и

9) за кривичното дело е пропишана парична казна со назначување на најмалата мера, казната може да се ублажи до општиот законски минимум.

(2) При одлучувањето во која мера казната ќе ја ублажи според правилата од став 1, судот посебно ќе ја има предвид најмалата и најголемата мера на казна пропишана за кривичното дело.

## IV. Донесување нов КЗ

Од средбите со практичарите во фокус групите произлезе заклучокот дека е неопходно потребно да се пристапи кон изработка на целосно нов КЗ во којшто ќе се преиспитаат казнените рамки за секое одделно кривично дело, ќе се поедностават сложените законски битија на некои кривични дела и ќе се усогласат пропишаните санкции за различни кривични дела во зависнсот од објектот на заштита.

# ПРВ ДЕЛ –

# ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ

# I. ВОВЕД

## Оправданост на проектот

Република Македонија е единствената држава во Европа каде што со донесениот ЗОВОВК се напуштија сите традиционални, европски, практики за одмерување на видот и висината на кривичната санкција. Сосема недозволено, и директно спротивно на препораките на СЕ, претходната осудуваност доби статус на примарен критериум за определување на категоријата во којашто треба да се вметне сторителот, без да се земе предвид видот на претходно стореното кривично дело, времето што изминало од претходната осуда, санкцијата на којашто бил осуден и сл. Истражувачите сметаат со проектот се тангира една од поважните невралгични точки коишто придонесуваат за нагласена загрозеност на европската иднина на државата, отстапување од европската традиција и практика, па дури би можело да се очекува да биде своевиден „камен на сопнување“ при отворањето на преговорите за Поглавјето 23.

Независноста на судиите, зајакнување на положбата на судството наспроти јавното обвинителство, доследното почитување на поделбата на власта, апострофирање на слободното судиско убедување, доследно обезбедување на начелото на индивидуализација во казнувањето, законитоста и правичноста се главните мисли водилки за изготвување на оваа правна анализа која ќе сублимира компаративен преглед, стручни ставови на судии, јавни обвинители и адвокати и експертски ставови на истражувачите.

Предмет на анализа е влијанието и ефектите што ги предизвикува ЗОВОВК со којштo за првпат се внесуваат задолжителни упатства за судиите, за сите кривични дела, во однос на начинот на одмерување на казната. Игнорирање на значењето на слободното судиско убедување е спротивно на владеењето на правото и правичноста. При судското одмерување на конкретна санкција по вид и висина, се очекува од судијата истата да ја прилагоди на околностите поврзани за својствата и личноста на сторителот, придонесот на жртвата, но и последиците што ги претрпела жртва, начинот на сторување на кривичното дело, а земајќи ги предвид олеснителните и отежителните околности. Донесениот закон сериозно ја загрозува уставно определената поделба на власта, но и важни начела на кои почива одмерувањето на санцкиите: индивидуализација на казната, правда и правичност. Потребата од правната анализа се наметна како неопходна со цел да се проучи дали е воопшто прифатливо во систем каде што во КЗ е пропишан законскиот минимум и максимум за секое одделно кривично дело има потреба да постои друг закон во кој се пропишува почетна основа за одмерување на казните. Оттука, евидентна е загрозеноста на независноста на судството со донесување на ЗОВОВК и покрај многубројните, повеќегодишни, укажувања содржани во Извештаите на ЕК, според кои, државата во делот на Поглавјето 23 стагнира, не покажува задоволителни резултати, а во некои области и започнала со назадување.

Компаративните искуства покажуваат дека задолжителните упатства за одмерување на санкциите – *sentencing guidelines* имаат различен карактер. САД уште во 2005 година одлучи упатствата наместо задолжителни, како што е тоа случај во РМ, да добијат статус на советодавни со образложение дека го ограничуваат слободното судиско убедување, водат кон построги санкции што е неправично и со што се повредува начелото на индивидуализација во казнувањето. Во Велика Британија воопшто не постои бодовен систем на упатства поради согледувањето дека правото не може во секој случај да се изразува преку математички формули и пресметки и дека бодувањето го претвора судијата во „уста на законот“ а не во субјект што востановува право во еден конкретен случај. Има држави од т.н. *common law* системот коишто воопшто немаат упатства за одмерување на санкциите.

За да се постигне очекуваната цел, во рамките на проектните активности беа вклучени и дел од судиите, јавните обвинители и адвокатите од анализираните судски подрачја. Истражувачите оценија дека е особено важно да се добијат сознанија за искуствата на практичарите во примената на ЗОВОВК во смисла на нагласена шаблонизираност во постапувањето при одмерување на казните, иако ЕК постојано укажува дека секаков облик на шаблонизираност мора да биде надмината и да се одбегнува, зголемен број часови работење на еден предмет по судија, во која мера може судијата соодветно да ги бодува олеснителните и отежителните околности и сл. Јавните обвинители добија надредена положба бидејќи може да нудат значително олеснување во однос на предложената казна ако спогодувањето се одвива во текот на истражната постапка, што почна да станува извор на котроверзии и несоодветна примена на одредбите од ЗКП. Не помалку важни се и ставовите на адвокатите коишто, наместо да подготвуваат стратегија за одбрана, со новодонесениот закон се доведени во состојба да ги убедуваат клиентите да се спогодат, да ја признаат вината за да добијат полесна казна, што во целост се коси со основните постулати на кои почива адвокатската дејност во смисла на ефективна правна помош и застапување.

Според истражувачите, особено е важно да се проучи местото и улогата на ЗОВОВК во рамките на казненото материјално и процесно законодавство. Со цел да се создаде основ за негово донесување значителни измени претрпе КЗ, но измените создадоа контрадикторности помеѓу општиот и посебниот дел од КЗ, но и контрадикторности помеѓу КЗ и ЗКП.

## II. МЕТОДОЛОШКА РАМКА

### Предмет на истражувањето

Предмет на истражувањето е анализа и компарирање на донесените пресуди во делот на определување на видот и одмерување на висината на кривичните санкции во периодот пред донесување на ЗОВОВК и идентична анализа откако започна неговата практична примена.

Истражувањето беше лимитирано во географска смисла и по основ на опфатот на кривичните дела (*ratio materiae)*:

- географски – опфати анализа на одмерувањето на кривичните санкции на територија на четири основни судови во РМ и тоа:
    - Основен суд со проширена надлежност Тетово,
    - Основен суд со проширена надлежност Велес,
    - Основен суд со проширена надлежност Кочани и
    - Основен суд со основна надлежност Кавадарци;

- во однос на видот на кривични дела опфатени со анализата, таа беше насочена кон три групи кривични дела според систематиката на КЗ и тоа:
    - Кривични дела против животот и телото (Глава XIV од КЗ);
    - Кривични дела против имотот (Глава XXIII од КЗ) и
    - Кривични дела против службената должност (Глава XXX од КЗ).

Предмет на анализа беа и некои од кривичните дела против Јавниот ред, против Половата слобода и половиот морал, против Слободите и правата на човекот и граѓанинот, како и против Безбедноста на јавниот сообраќај кои што или биле сторени во стек со кривичните дела од наведените три групи на кривичните дела или беа дел од пресудите во коишто едновремено беа осудени повеќемина сторители за повеќе кривични дела.

## Цели на истражувањето

**Основната цел** на истражувањето е да се утврди импактот на ЗОВОВК врз казнената политика на територија на анализираните судови.

**Специфичните цели** на истражувањето е да понуди одговори на прашањата:

- дали казнената политика се воедначи, се заостри или се ублажи?
- дали се олесни и поедностави работата на судиите или тие дополнитено се оптоварија?
- дали судиите имаат доволно логистичка поддршка (стручни соработници) за навремено донесување на пресудата согласно законските рокови а во услови на потреба да пополнуваат работни листови за секое одделно кривично дело?
- дали ЗОВОВК го олесни или го отежна спогодувањето за кривична санкција, или го претвори во поле на „легислативна уцена“ без оглед на квалитетот на доказите?
- дали е ЗОВОВК во согласност со одредбите од КЗ?
- компаративна анализа на искуствата со упатствата за одмерување на санкциите во државите од англосаксонската правна традиција коишто служеле како пример при донесување на ЗОВОВК;
- примената на ЗОВОВК наспроти независноста на судијата и слободното судиско убедување;
- загрозување на начелото на индивидуализација на казната;
- доминација на обвинителството над судството, при што човековите права и слободи се ставени во втор степен, а правичноста во постапувањето е сериозно загрозена,
- предлози за нови законски решенија *de lege ferenda* во соодветната регулатива и насоки за нивна имплементација.

Истражувањето содржи и **апликативна цел** со оглед на фактот што предмет на анализа беа и ставовите, мислењата и предлозите на судиите, основните обвинители и адвокатите во однос на промените што се појавија во практиката со примена на ЗОВОВК.

**Временски период на којшто се однесува истражувањето**

Со правната анализа се опфатени вкупно 150 пресуди донесени во основните судови во Тетово, Велес, Кочани и Кавадарци во периодот од 2013 до 2015 година, односно пред влегување во сила на ЗОВОВК и анализа на пресудите од 07.07.2015 до крајот од 2016 година, откако започна примената на ЗОВОВК.

**Податоци во однос на анализираните пресуди**

За потребите на проектот од Основните судови во Велес, Тетово, Кочани и Кавадарци беа побрани пресуди кои биле донесени пред да започне примената на ЗОВОВК, односно пред 07.07.2015 година, и по неговата преимена, заклучно со декември 2016 година.

Истражувачите обработија вкупно 150 пресуди, од кои 97 или 65% пресуди пред примената на ЗОВОВК и 53 или 35% пресуди донесени со примена на ЗОВОВК.

| Анализирани пресуди според перидот и според судот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Пред ЗОВОВК | | По ЗОВОВК | |
| | | % | | % |
| Основен суд Велес | 28 | 29 | 16 | 30 |
| Основен суд Тетово | 51 | 53 | 17 | 32 |
| Основен суд Кочани | 10 | 10 | 8 | 15 |
| Основен суд Кавадарци | 8 | 8 | 12 | 23 |
| Вкупно по периоди: | 97 | 100% | 53 | 100% |
| Вкупен број пресуди: | 150 | | | |

**Табела 1: Податоци за анализираните пресуди**

Ако се направи споредба на анализираните пресуди според периодот во којшто биле донесени, односно дали определувањето на видот и одмерувањето на висината на казната се вршела врз основа на одредбите на КЗ или врз основа на Правилникот за одмерување казни, како период пред да започне примената на ЗОВОВК, и пресудите коишто беа предмет на анализа а во нив одмерувањето и изборот на казната се врши со примена на одредбите на ЗОВОВК, состојбата е следна:




**Графикон 1: Пресуди според периодот кога биле донесени**

Со цел да се добие претстава за дистрибуцијата на пресудите според основните судови кои беа предмет на анализа, на Графикон 2 подолу, претставено е вкупното процентуално учество на пресудите според основниот суд каде што тие биле донесени, без оглед на периодот во којшто биле донесени.




**Графикон 2: Процент на пресуди според судот што ги донел**

Најголем број од анализираните пресуди биле донесени во Основниот суд во Тетово (46%), близу една третина или 29% се пресуди што биле донесени во Основниот суд во Велес, а приближно исто учество со 17% односно 16% имаат пресудите што биле донесени во Основниот суд во Кавадарци односно во Основниот суд во Кочани.

## Приод и методи за анализа

Проектот се оствари со помош на следниов методолошки приод:

- анализа на споредбена литература во однос на *mandatory sentencing guidelines;*
- анализа на пресудите од основите судови во Тетово, Велес, Кочани и Кавадарци,
- анализа на ставовите, мислењата и предлозите на практичарите добиени преку метод на т.н. неструктурирано интервју во фокус групи со судии, јавни обвинители и адвокати од подрачјата на основите судови чии пресуди беа предмет на анализа.

Во рамките на применетите методи за изготвување на правната анализа, истражувачите ги користеа следниве методи:

- *нормативен метод* - за анализирање на законска регулатива и меѓународните инструменти;
- *анализа на содржина* - ќе ги опфати деловите од пресудите што се однесуваат на определување на видот и одмерување на висината на кривичната санкција со примена на ЗОВОВК;
- *аналитички метод* – за утврдување на основните карактеристики, обележја и импликации од основите пропишани како олеснителни и отежителни околности;
- *споредбено - правен метод* – за делот од анализата во којшто е претставен компаративниот осврт на решенијата за одмерување на санкциите;
- *статистичкиот метод* - за табеларен приказ на податоците добиени од анализа на пресудите;
- *метод на синтеза* – за изведување заклучоци и формулирање предлози *de lege ferenda.*

## Временска рамка за спроведување на проектот

Проектот се спроведуваше во временски период од 15 месеци, започнувајќи од 01.06.2016 до 01.08.2017 година.

Во рамките на планираниот период за реализација на проектните активности, динамиката на работење беше следнава:

| | | |
|---:|---|---|
| јуни - август 2016 | - | прибирање на домашна литература |
| септември – октомври 2016 | - | прибирање на споредбена литература |
| октомври - декември 2016 | - | прибирање на пресуди од судовите |
| јануари – февруари 2017 | - | прибирање ставови од практичарите преку фокус - групи со судии, обвинители и адвокати |
| март – мај 2017 | - | работа на правната анализа |
| јуни 2017 | - | тркалезна маса со презентација на истражувањето |
| јули - август 2017 | - | финализирање на правната анализа |

# ВТОР ДЕЛ –

# СПОРЕДБЕН ПРЕГЛЕД НА РЕШЕНИЈАТА ВО ОДНОС НА ОДМЕРУВАЊЕТО НА САНКЦИИТЕ

## III. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА

Во државите на европскиот континент не постои пример на законски текст којшто регулира слична материја како ЗОВОВК, односно е сосема невообичаено во европска држава да постојат посебни правила за одмерување на казните надвор од вообичаените норми содржани во кривичните закони.

Од овие причини истражувачите оценија дека е неопходно во рамките на правната анализа да биде вклучен и краток споредбен осврт на правилата за одмерување казни во државите од т.н. *common law* систем. Целта на споредбената анализа е да понуди сумарни информации за начинот како се врши одмерувањето на казните во акузаторните правни системи.

Неопходно е да се нагласи дека во Шкотска, Ирска и во јужноафриканските држави, кои спаѓаат во држави од т.н. *common law* системот, но во нивното законодавство воопшто не постојат упатства за одмерување на санкцијата, ниту има планови за нивно изготвување и примена со образложение дека на тој начин ќе се ограничи дискреционото одлучување и самостојноста на судијата.[2]

### 1. Упатства за одмерување на санкциите во САД

**Создавање и задолжителен карактер на упатствата.**[3] Одделот за правда на САД (*US Justice Department)* првите напори за изготвување упатства за одмерување на санкциите ги започнал во втората половина од 70-тите години на XX век. [4]

Првиот чекор бил преземен со Законот за реформи во санкционирањето (*Sentencing Reform Act)* донесен во 1984[5] со којшто Конгресот ја формирал посебната Комисија за изготвување на упатставата за одмерување на санкциите (*US Sentencing Commission).*[6] Комисијата е независно тело во рамките на судската власт со цел да се намалат разликите во казнувањето, да се промовира транспарентноста и пропорционалноста во казнувањето. Задача на комисијата е да собира, анализира и дистрибуира информации за федералните практики во казнувањето, континуирано создавање и дополнување на упатствата за одмерување на санкциитеа со цел за развивање на ефективна и ефикасна казнена политика. Таа изготвува и посебен Прирачник за упатствата на Комисијата (*US Sentencing Commission Guidelines Manual 2016*).[7] Комисијата редовно изготвува извештаи за одделни релевантни аспекти поврзани со санкциите, како на пример, за доживотната казна затвор; за повеќекратните повторници на

[2] Mandatory Sentences of Imprisonment in Common Law Jurisdictions: Some Representative Models, Research and Statistics Division/Department of Justice Canada, http://www.justice.gc.ca/eng/rp-pr/csj-sjc/ccs-ajc/rr05_10/rr0 5_10.pdf.
[3] Н.Тупанчески/Г.Лажетиќ-Бужаровска, Sentencing guidelines – парадоксот на македонското законодавство, 5-ти Загребско - Скопски колоквиум, Загреб, 11-13.06.2015.
[4] Julian V. Roberts, Sentencing Guidelines in England and Wales: Recent Developments and Emerging Issues, http://weblaw.haifa.ac.il/he/Events/Punishment/Documents/Julian%20Roberts.pdf.
[5] Sentencing Reform Act, 1984, Pub. L. No. 98–473, 98 Stat. 2019 (1987).
[6] http://www.ussc.gov/.
[7] http://www.ussc.gov/sites/default/files/pdf/guidelines-manual/2016/GLMFull.pdf.

федерални кривични дела; за осудените лица за федерални дела кои се наоѓаат на условна слобода под надзор; и сл.[8]

Првите изготвени упатства започнале со примена од 01.11.1987 со карактер на задолжителни упатства за судиите во САД.[9]

Упатствата определуваат шест категории на сторители според претходната криминална историја односно поранешната осудуваност. Имено, два критериуми, како кумулативни, се водечки во рамките на упатствата:

- сериозноста на стореното кривично дело и
- поранешната осудуваност на сторителот.

**Критики на задолжителните упатства.** Иако воведени со намера да внесат известност и конзистентност во санкционирањето, мора да се забележи дека од почетокот на нивното применување се појавиле критики за казнената политика како разултат на строгото придржување до упатствата, меѓу кои:

- водат кон диспаритет во санкционирањето;
- создаваат правна несигурност во делот на санкционирањето;
- дилеми за нивната противуставност во смисла на правото на поротно судење обезбедено со Уставот на САД;
- доведувале до навлегување на законодавната власт во судството.[10]

На 25-годишнината од формирањето на Комисијата, во 2010 година таа спровела електронска анкета на судиите од окружните судови. Притоа, судиите не останале неми на последиците од примената на задолжителните упатства, па 75% од анкетираните изразиле несогласност со нивната задолжителна примена, но навеле и некои поконкретни забелешки: минималните определени казни се превисоко поставени; на судиите треба да им се остави можност да определат санкција и под определениот минимум во случаи кога тоа ќе се оцени како оправдано и сл.[11]

**Консултативен карактер на упатствата**. Како резултат од многубројните тврдења дека задолжителниот карактер на упатствата за одмерување на казните водат кон диспаритет и неконзистентност на казнената политика, во јануари 2005 година во случајот *United States v. Booker, 543 U.S. 220 (2005)*[12], Врховниот суд на САД ги прогласил упатствата за незадолжителни туку како околности кои треба да имаат само советодавен карактер (*advisory status*) за судијата при одмерување на санкцијата.

Незадолжителниот карактер на упатствата се должи на повеќе причини, меѓу кои:

- биле оценети како извор на интензивна контроверзност;
- довеле до неразумни и непропорционални санкции;
- се забележал прекумерен диспаритет во казнувањето, постоеле случаи кога на обвинетиот му била определувана построга казна од онаа што може да се смета за разумна и пропорционална;
- воделе кон недоволна флексибилност при индивидуализација на казната;
- поттикнувале неправичност во одмерувањето на санкциите.

---

[8] Достапни на http://www.ussc.gov/topic/research-reports.

[9] http://www.ussc.gov/sites/default/files/pdf/about/overview/Overview_Federal_Sentencing_Guidelines.pdf.

[10] An Overview of the US Sentencing Commission, www.ussc.gov/.

[11] Results of Survey of United States District Judges January 2010 through March 2010, United States Sentencing Commission, June 2010, http://www.ussc.gov/sites/default/files/pdf/research-and-publications/ research-projects-and -surveys/surveys/20100608_Judge_Survey.pdf.

[12] US v. Booker (04-104) 543 U.S. 220 (2005), http://www.law.cornell.edu/supct/html/04-104.ZO.html; US v. Fanfan, No. 04-105, http://caselaw.lp.findlaw.com/scripts/getcase.pl?court=US&vol=000&invol= 04-104.

Врховниот суд на САД утврдил дека доколку не се применувале Упатствата како задолжителни *Booker* би добил близу десет години пократка казна затвор од онаа што му била одмерена. Задолжителните упатства водат кон пресудување врз основа на претежност на доказите (*preponderance of the evidence*) наместо врз основа на докажано надвор од разумно сомневање *(beyond a reasonable doubt*) што е вообичаен стандард на докажаност во кривичната постапка.[13] За првпат овој стандар на докажување Врховниот суд на САД го востанови во случајот *In re Winship 397 U.S. 358 (1970)*. Врховниот суд на САД во повеќе други случаи го потврдил советодавниот карактер на Упатствата за одмерување на санкцијата.[14]

**Судска флексибилност во казнувањето**. Со напуштањето на задолжителниот карактер на упатствата се овозможило да се одбегне прекумерниот диспаритет во казнувањето, а се овозможува доволна флексибилност при индивидуализација на казната. Имено, федералните судии имаат слобода да определат санкција и надвор од рамките предвидени во Упатствата доколку идентификуваат некоја околност што Комисијата не ја имала предвид, а е релевантна во конкретниот случај во којшто се одмерува санкцијата. Имајќи ја предвид прецедентната природа на американското правосудство, од судијата се бара секогаш кога ќе утврди некоја нова релевантна околност која влијае врз санкционирањето во одлуката да наведе соодветно образложение. Ваквите одлуки се предмет на повторно испитување, ако Апелациониот суд утврди дека одлуката во делот на санкцијата била неразумна. Флексибилноста и самостојноста на судиите оди и понатаму, па во некои свои одлуки Врховниот суд на САД јасно им ставил до знање на судиите дека тие имаат супстантивна дискреција да изречат санкции надвор од рамките определени во Упатствата без притоа да е неопходно да утврдат постоење невообичаени околности односно околности што не се предвидени во Упатствата.[15]

Влијанието на советодавниот карактер на Упатствата е постојано под анализа при што се забележуваат и предности во смисла на индивидуализација на санкцијата според околностите на случајот но и недостатоци со оглед на различности во санкционирањето во географска смисла.[16]

**За иднината на упатствата.** Судбината на упатствата зависи од согледувањата дека желбата за слепа униформност за сметка на правичноста не смее да се толерира.[17] Постојат и ставови дека за да се зајакне владеењето на правото потребно е сосема да се укинат и *US Sentencing Commission* и Упатствата.[18]

Ова особено бидејќи се оценува дека една од непосакуваните цели на Упатствата е префрлање на моќта од судијата на обвинителот кој ја определува квалификацијата на стореното кривично дело за кое ќе се поведе кривичната постапка и за која ќе се поднесе обвинение.

---

[13] Bobby Scott, United States v. Booker: System Failure or System Fix?, University of Pennsylvania Law Review PENNumbra, Vol. 160, 2011, pp. 195-208, http://scholarship.law.upenn.edu/cgi/ viewcontent. cgi?article= 1076& context=penn_law_review_online

[14] *Rita v. United States* 551 U.S. 338, 341 (2007); *Kimbrough v. United States* 552 U.S. 85, 91 (2007); *Gall v. United States* 552 U.S. 38, 41 (2007); *Cunningham v. California* 549 U.S. 270, 274 (2007).

[15] Matthew Lee, Going Outside the Sentencing Guidelines: An Update on Federal Sentencing Practice and Procedure, June 06, 2008, https://www.lorman.com/resources/going-outside-the-sentencing-guidelines-an-update-on-federal-sentencing-practice-and-procedure-15249.

[16] Report on the Continuing Impact of United States v. Booker on Federal Sentencing, US Sentencing Commission, http://sentencing.typepad.com/files/part-a---continuing-impact-of-booker-on-federal-sentencing.pdf.

[17] Demographic Differences in Federal Sentencing Practices: An Update of the *Booker Report*'s Multivariate Regression Analysis 2 (2010), US Sentencing Commission, http://www.ussc.gov/Research/Research_Publications/ 2010/20100311_Multivariate_Regression_Analysis_Report.pdf

[18] William Otis, The Slow, Sad Swoon of the Sentencing Suggestions, Federal Sentencing Reporter, Vol. 23, No. 2, December 2010, pp. 115-120, https://drive.google.com/file/d/0B5HjNVIrveCFZTc5YjAxNT_AtZDE3ZC00 YTM5LTg5MzMtNjBkNjE5NzZkNmRk/view.

Во овој контекст е стравувањето дека со Упатствата обвинителството има неверојатно голема контрола врз казнената рамка каде што ќе биде „сместено“ кривичното дело што му се става на товар на обвинетиот.[19]

## 2. Упатствата за одмерување на санкциите во Англија и Велс

Во Англија и Велс во 1998 година се формирал *Sentencing Advisory Panel (SAP)*, а упатствата започнале да се развиваат од 1999 година.[20] Оттогаш, постепено се развил и успешно се применува сосема нов сеопфатен систем на упатства за одмерувачите на санкцијата кој е составен од упатства поврзани за конкретни кривични дела и општи упатства. [21]

Упатствата се сфаќаат како рамка која треба да помогне за структурирање на дискрецијата на судијата во одмерувасе на санкцијата, а не таа да се ограничи и одземе.

Постои сериозна загриженост упатствата да не се претворат во пречка односно ограничување на судското одлучување,[22] па од овие причини од крајот на 90-тите години на XX век, тие се однесуваат на мал број кривични дела, односно само на оние каде што во практиката се воочила неконзистентност во казнувањето.

**The Halliday report**. За измените што се воведени со *Criminal Justice Act* од 2003, значителен придонес дал т.н. *The Halliday report* од јули 2001 година, кој укажал на метежот, сложеноста и недостатокот на јасни цели и филозофија во политиката на казнувањето и го насочил вниманието на стручната и научна јавност кон начинот на одмерување на санкциите,[23] идетификувајќи гј ограничувањата и проблемите во однос на рамката за одмерување на санкциите воспоставена со *Criminal Justice Act* од 1991. Главното начело за неговото изготвување се засновало на согледувањето дека тежината на санкцијата мора да ја рефлектира сериозноста на стореното кривично дело, како и дека мора да има судијата дискреција за индивидуализација според околностите на случајот наместо да биде врзан за правила кои водат кон законита но неправична пресуда.[24] Во извештајот особено се укажува на потребата за преиспитување на влијанието што претходната осудуваност го има врз одмерувањето на санкцијата со оглед на сé позачестено одмерување неочекувано високи и непропорционално тешки санкции vis-à-vis сериозноста на стореното кривично дело. Постојат оцени дека властите недоволно ги имплементирале согледувањата и препораките од Извештајот.[25]

**Sentencing Guidelines Council**. Изготвувањето, следење на примената и ревидирањето на упатствата за одмерување на санкциите, според Извештајот, треба да се довери на независно судско тело во кое главниот збор ќе го имаат судиите, но неговите ставови и упатства ќе се

---

[19] Douglas B. Bloom, United States v. Booker and United States v. Fanfan: The Tireless March of Apprendi and the Intracourt Battle To Save Sentencing Reform, Harvard Civil Rights-Civil Liberties Law Review, Vol. 40, 2005, pp. 539-557, p. 553.

[20] Julian V. Roberts, Sentencing Guidelines in England and Wales: Recent Developments and Emerging Issues, http://weblaw.haifa.ac.il/he/Events/ Punishment/Documents/Julian%20Roberts.pdf.

[21] Н.Тупанчески/Г.Лажетиќ-Бужаровска, Sentencing guidelines – парадоксот на македонското законодавство, 5-ти Загребско - Скопски колоквиум, Загреб, 11-13.06.2015.

[22] Andrew Ashworth Sentencing and Criminal Justice, Fifth edition, Cambridge University Press, 2010, стр. 27.

[23] Report of the Review of the Sentencing Framework for England and Wales: Making Punishments Work, July, 2001, (The Halliday report).

[24] The Development of Sentencing Policy, Select Committee on Justice, Fifth Report, http://www.publications.parliament.uk/pa/cm200708/cmselect/cmjust/184/18402.htm; Making Sentencing Clearer, Home Office, 2006, https://www.liberty-human-rights.org.uk/sites/default/files/response-making-sentencing-clearer.pdf; Peter Hungerford – Welch, Criminal procedure and sentencing, Seventh edition, Routledge-Cavendish, London and New York, 2009, стр. 738.

[25] Chivonne Boothe, The Halliday Report: In Pursuit of a new Sentencing Framework or a Catastrophic Failure?, Plymouth Law Review (2008) 1, стр. 29-55.

однесуваат на сите судски инстанци. Врз основа на ваквите укажувања, со *Criminal Justice Act* од 2003 година се формирал Совет за изготвување упатства за одмерување на санкциите (*Sentencing Guidelines Council – SGC*) со што престанал да постои *Sentencing Advisory Panel (SAP)*. Со *SGC* претседава *Lord Chief Justice* којшто е судија со двојна функција: Раководител на судството (*Head of the judiciary*) и Претседател на Судовите на Англија и Велс (*President of the Courts of England and Wales*).[26]

**Определени цели на казнувањето.** Целите на казнувањето утврдени во *Criminal Justice Act* од 2003 година се:

- казнување на сторителите;
- намалување на криминалот (вклучувајќи го и ефектот на одвраќање);
- промени и ресоцијализација на сторителите;
- заштита на јавноста; и
- обесштетување на лицата погодени од сторените кривични дела од страна на сторителите.[27]

Истакнатиот проф. Ешворт го критикувал *Criminal Justice Act* од 2003 бидејќи сметал дека предвидува долга листа цели на казнувањето без чувство на приоритет или јасност на самата цел.[28]

На иста линија е и согледувањата на *Justice Select Committee* при долниот дом на Британскиот Парламент, според којшто вака утврдените цели на казнувањето ниту се интерно кохерентни, ниту се применуваат конзистентно со оглед на фактот што не е јасно дали целите се наменети да бидат хиерархиска листа или мени за да се комбинираат различно во различни случаи, а не е јасно и како овие цели се поврзани и треба да бидат отсликани низ упатствата за одмерување на санкцијата. Од овие причини, јавноста, организациите што се занимавале со кривичната правда, жртвите, одмерувачите на санкциите и Владата имале сосема различни очекувања за тоа каква санкцијата треба да биде одмерена.[29]

Со ваквото согледување на *Justice Select Committee* не се согласила Владата.[30]

**Sentencing Council for England and Wales.** Со измените внесени со *Coroners and Justice Act* 2009,[31] Советот за упатства за казнување бил заменет со Совет за казнување на

---

[26] Подетално в.: Peter Hungerford – Welch, Criminal procedure and sentencing, Seventh edition, Routledge-Cavendish, London and New York, 2009, стр. 755-757.

[27] Criminal Justice Act 2003, S 142 (1).

[28] Andrew Ashworth, Sentencing and Criminal Justice, Cambridge, Fourth Edition, 2005, стр. 99.

[29] Sentencing Guidelines and Parliament: building a bridge, Sixth Report of Session 2008–09, House of Commons Justice Committee, 2 July 2009, para. 66, http://www.publications.parliament.uk/ pa/cm200809/cmselect/ cmjust/ 715/715.pdf.

[30] Владата истакнала дека целите не се во контрадикторност и нив треба да ги има предвид судијата што ќе одмерува санкција според околностите на индивидуалниот случај а пред сѐ сериозноста на кривичното дело (степенот на кривичната одговорност на сторителот и причинетата штета), но и редуцирање на санкцијата во однос на признание на вина, специфични отежителни околности, но и земајќи ги предвид упатствата за одмерување на санкцијата од страна на Апелациониот суд, кој со *The Crime and Disorder Act* 1998 (http://www.legislation.gov.uk/ukpga/1998/37/content) добил овластување да создава односно ревидира упатство за одмеруваање на санкцијата и тоа или во постапка по жалба или по укажување на јавниот обвинител или на предлог од *Sentencing Advisory Panel,* со што се потврдува постапноста во развивањето на Упатствата за одмерување на санкциите во Велика Британија, в.: Government response to the Justice Select Committee's Report: "Sentencing guidelines and Parliament: building a bridge" Ministry of Justice, Crown Copyright, September 2009, https://www.gov.uk/government/ uploads/system/uploads/ attachment_data/ file/228512/ 7716.pdf.

[31] http://www.legislation.gov.uk/ukpga/2009/25/part/4/chapter/1.

Англија и Велс (*Sentencing Council for England and Wales*),[32] кој отпочнал со работа во 2010 година. И негов председавач е *Lord Chief Justice*, а членовите се судии, магистрати, адвокати и лица со долгогодишно искуство во пробациската служба и службата за заштита на жртвите.[33] Од овој Совет се очекува да промовира поголема транспарентност и доследност во изрекувањето на пресудата, без да се загрози независноста на судството.

Примарната улога на Советот е да издава упатства за одмерување на санкциите која судовите мора да ги следат, само доколку тоа не е спротивно на интересите на правдата. Упатствата за одмерување на санкциите што овој Совет ги носи може да бидат општи или ограничени на определено кривично дело или на определена категорија кривични дела.[34] Задолжително мора да се изготват упатства за одмерување на санкциите во однос на редуцирање на санкцијата во случај на признание за вина, а за сите други аспекти, од Советот зависи кои и какви упатства за одмерување на санкциите ќе изготви. Притоа, Советот е должен да се консултира со *the Lord High Chancellor of Great Britain* којшто е највисок офицер во кабинетот на Кралицата одговорен за ефикасно функционирање и независност на судовите.

**Целта на упатствата.** Упатствата за одмерување на санкцијата им овозможуваат на судовите да бидат воедначени во појдовната точка на минималната санкција, а на овој начин и јавноста и практичарите се запознени со минималната санкција.[35]

Упатствата за одмерување на санкциите имале повеќе цели:

- да се оствари конзистентност во санкционирањето;
- да се земе предвид влијанието на санкцијата спрема жртвата;
- да се зголеми довербата на јавноста во правосудството;
- да се има предвид чинењето на санкциите;
- релативната ефективност на санкиите во спречување повторништво и сл.

Упатствата треба да ја отсликуваат природата и различните степени на сериозност на кривичното дело, при што е особено важно да се определи минималната граница (*starting point*) од која ќе се појде во одмерувањето на санкцијата. Сериозноста се определува според степенот на кривична одговорност и штетните последици што се надоврзале на стореното кривично дело. При дефинирање на упатствата за одмерување на санкциите треба да се набележат олеснителните и отежителните околности како и влијанието на претходната осудуваност релевантни за различниот степен на сериозност на кривичното дело.

**Пропишани максимални казни.** Во Англија, во законските текстови се пропишуваат само максималните казни (*for a term not exceeding),*[36] при што сите околности релевантни за одмерување на санкцијата се оставени на оцена на судијата.[37]

Поради ваквата легислативна практика, нужно е во изворите за одмерување на санкциите да се вбројат упатствата за одмерување на санкциите (*sentencing guidelines*) и судските одлуки, поради нивниот непроценлив придонес за изградување критериумите за воедначување на

---

[32] http://www.sentencingcouncil.org.uk/.

[33] Повеќе детали за членовите на Советот на http://www.sentencingcouncil.org.uk/about-us/council-members/.

[34] Првото упатство што го донел овој Совет за конкретно кривично дело започнало да се применува на 13.06.2011 година. За донесените упатства повеќе на http://www.sentencingcouncil.org.uk.

[35] David Middleton, The Arrangements for Sentencing in England and Wales, http://www.unafei.or.jp/english/pdf/RS_No72/No72_10VE_Middleton2.pdf.

[36] Criminal Justice Act 2003, http://www.legislation.gov.uk/ukpga/2003/44/contents.

[37] Andrew Ashworth, Sentencing and Criminal Justice, Fifth edition, Cambridge University Press, 2010, стр. 25.

казнената политика. Со оглед на фактот што само неколку закони[38] содржат по некоја одредба каде што е пропишана минимална казна, се јавуваат сериозни реакции дека мора да се води сметка нивното изрекување да не биде неправедно од аспект на конкретните околности на случајот.[39]

Смислата на упатствата за одмерување на санкциите е двојна:

- да обезбедат различен опсег на санкција за различни нивоа на сериозност на одделно кривично дело и
- во рамките на секој одделен опсег да ја определи појдовна точка во смисла на минимална санкција.

**Флексибилност на судиите.** Особено е важно да се наведе дека и покрај постоењето на упатствата за одмерување на санкциите, според Одделот 174(2)(аа) од *Criminal Justice Act,* не е исклучено судијата да одмери казна надвор од утврденото упатство.

Ова би бил случај кога судијата ќе оцени дека одмерувањето на казната според упатството би било спротивно на интересите на правдата, но должен е тоа да го образложи.[40]

Ваквата можност постои бидејќи на насоките се гледа како на помошна алатка за судијата, а не строга математичка операција чијшто резултат треба да има аксиомски ефект. Упатствата за одмерување на санкциите се сфаќаат како процес, кој мора да овозможи флексибилност и варијабилност, а не како акт кој има неменлива структура и содржина. Во овој дел значително се разликуваат англискиот и американскиот приод кон упатствата за одмерување на санкциите, бидејќи американците фаворизираат т.н. *points system* односно одмерување на казната преку систем на поени од кои судијата не смее да отстапи.

Со оглед на фактот што во државите од *common law* системот, судската практика е еден од изворите на правото, постојат т.н. *guideline judgments* во кои се содржани општи параметри за постапување кај различните варијанти на определено кривично дело, во таа смисла што земајќи ги предвид олеснителните и отежителните околности, се предлага соодветна минимална казна.

## 3. Пропишани минимални санкции во Канада

Влијанието на САД за воведувањето бодовни федерални упатства за одмерување на санкциите не било прифатено во Канада, којашто ваквата тенденција ја одбила уште во 1980 година.[41] Во Канада ***не постојат упатства за одмерување на санкциите, ниту постојат посебни тела за изготвување на упатства за одмерување на санкциите***. Сепак, во Кривичниот законик се пропишани принципи и целите на казнување и се утврдени задолжителни минимални казни затвор за определени кривични дела, при што судиите немаат дискреционо право да ја намалуваат казната во случаите кога за конкретното кривично дело во Кривичниот законик е пропишана задолжителна минимална казна затвор.

**Одредби од Кривичниот законик во однос на полнолетни**. Голема реформа во однос на одмерувањето на санкциите е воведена во 1995 година со измените на Казнениот законик на Канада.[42] Изменетиот Оддел 718 извршил кодифицирање на целите и начелата на казнувањето, при што пропишал дека основните цели на казната е да се придонесе за

---

[38] Powers of Criminal Courts (Sentencing) Act 2000, Section 111; Firearms Act 1968, Section 51A, http://www.legislation.gov.uk/ukpga/1968/27/contents; Violent Crime Reduction Act 2006, Section 30, http://www.legislation.gov.uk/ukpga/2006/38/contents.

[39] Andrew Ashworth, Sentencing and Criminal Justice, Fifth edition, Cambridge University Press, 2010, стр. 26.

[40] Section 174(2)(aa), http://www.legislation.gov.uk/ukpga/2003/44/section/174#commentary-c2068366.

[41] Julian V. Roberts, Sentencing Guidelines in England and Wales: Recent Developments and Emerging Issues, http://weblaw.haifa.ac.il/he/Events/Punishment/Documents/Julian%20Roberts.pdf.

[42] Canadian Criminal Code , available at: http://laws.justice.gc.ca/PDF/Statute/C/C-46.pdf.

почитување на законот и одржување на праведно и мирно општество, со наметнување на оправдани санкции кои имаат  една или повеќе од следниве цели: да спречи незаконско постапување; да го одврати сторителот од вршење кривични дела; да ги изолира сторителите на кривични дела од заедницата тогаш кога е тоа неопходно; да помогне за ресоцијализација на сторителите; да обезбеди надомест на направената штета и спрема жртвите и спрема заедницата; како и да се поттикне чувството на одговорност кај сторители за причинетата штета спрема жртвите и заедницата. Во Кривичниот законик се наведува дека казната мора да биде пропорционална на прекршокот и да биде одраз на степенот на одговорноста на сторителот. Кога судијата одмерува казна ги зема предвид отежнувачките и олеснувачките околности, при што особено оценува: дали делото е сторено од поради предрасуди или омраза; семејно насилство или дело сторено врз дете; злоупотреба на службена положба; кривично дело сторено од користољубие; дело сторено како дел од криминална организација; или кривичното дело на тероризам. Со цел да се обезбеди воедначена практика, посебно е пропишано дека судијата треба да води сметка да се обезбеди конзистентност во казнувањето, при што одмерената казна треба да биде слична со казните изречени за сторители со слични карактеристики кои сториле слични кривични дела во слични околности.

Постојат четири видови задолжителни минимални санкции:

- задолжителна доживотна казна за велепредавство, за убиство од прв и од втор степен;
- задолжителни минимални казни во кривични дела кои вклучуваат огнено оружје, трговија и поседување на оружје и дела поврзани со детска проституција;
- повеќекратни сторители на кривични дела;
- минимални казни е за т.н. хибридни дела, при што обвинителот сам одлучува дали за нив ќе поднесе обвинение или ќе се спроведе скратена постапка. За оние за кои се води скратена постапка не се пропишани минимални казни. Но за три кривични дела поврзани со оружје, коишто спаѓаат во хибридните дела, ако обвинителот се одлучи да поднесе обвинение, судот мора да го почитува законски пропишаниот минимум на казната.[43]

За вкупно 29 кривични дела од КЗ се пропишани минимални казни затвор. Од нив 19 дела се поврзани со законодавството за користење на огнено оружје и пропишувањето на минималната казна било резултат на измените во законодавството во 1995 година. Во другите дела спаѓаат: детска проституција, обложување, управување моторно возило под дејство на алкохол или дрога (impaired driving). Во парламентот постојат повеќе иницијативи за определување на минималната казна затвор и во однос на насилничкиот криминалитет особено од страна на повторници. Кај користењето на оружје судот е должен да изрече затворска казна од најмалку четири години во случај ако сторителот претходно веќе бил осудуван.

**Одмерување на санкции спрема деца.** Со Кривичниот закон за младите од 2002 година (Youth Criminal Justice Act, 2002) за првпат во Канада во законски текст се предвидени упатства за одмерување на санкциите содржани во одредбите за целите на казнувањето кај младите. Имено, целта на санкцијата кај младите е да поттикне одговорност кај младиот човек за стореното кривично дело преку определување заслужена санкција којашто ќе има плодотворни последици со цел за ресоцијализација и реинтеграција на младиот човек во општеството. Како правила за кои судијата треба да води сметка се наведени: санкцијата да не биде идентична како онаа што би ја добил полнолетен сторител на истото кривично дело; за сторено убиство детето не смее да биде осудено на затвор подолго од 10 години, при што 6 години да помине во затвор, а останатото време да биде под надзор.

---

[43] Fiona O'Connell, Comparative Research into Sentencing Guidelines Mechanisms, Research and Information Service Research Paper,  June 2011, 36-37. http://www.justice.gc.ca/eng/rp-pr/csj-sjc/ccs-ajc/rr05_10/p2.html

**Критики на пропишаните минимални казни.** И покрај фактот што минималната казна е пропишана за определен вид кривични дела, во Канада не се изоставени критики на ваквата легислативна политика при што се наведуваат три основни причини:

- минималните казни не се секогаш ефективна алатка за постигнување на целите на казнувањето;
- пропишаните минимални казни ја ограничуваат судската самостојност во определување на санкциите;
- ако подолг временски период постојат во кривичното законодавство, пропишаните минимални казни не понудиле какови биле бенефиции во однос на превенција од криминалното однесување.[44]

## 4. Пропишани минимални и максимални казни во Република Ирска

Во Република Ирска ***не постојат упатства за одмерување на санкциите, ниту постојат посебни тела за изготвување на упатства за одмерување на санкциите***.

Ова се должи на фактот што во Уставот на Република Ирска се гарантира независноста на судството поради којашто судиите уживаат големо дискреционо право согласно казненото законодавство во однос на прашањата поврзани со изборот на видот и одмерувањето на висината на санкцијата.[45]

**Исклучоци од судското дискреционо одлучување за санкциите.** Во Република Ирска постојат неколку исклучоци во однос на дискреционото право на судијата да избере вид и да одмери висина на кривична санкција за стореното кривично дело и тоа во следниве случаи.

Единствено *задолжителна максимална казна* е пропишана за сторителот на кривично дело убиство, односно судијата мора да изрече доживотна казна затвор ако се докаже дека обвинетиот го сторил убиството.

За некои кривични дела *пропишани се минимални казни* кон коишто судијата треба да се придржува, но дозволени се исклучоци. Имено, и за овие кривични дела судијата може да одмери казна под законски пропишаниот минимум во случај кога постојат особено олеснителни околности (таков е случајот со некои од кривичните дела поврзани со дрогите, Criminal Justice Act, 1999).

---

[44] Подетално в.: Canadian Sentencing Commission (1987). *Sentencing Reform: A Canadian Approach* . Ottawa: Supply and Services Canada; Crutcher, N. (2001). Mandatory minimum penalties of imprisonment: An Historical Analysis. *Criminal Law Quarterly* , 44(3), 279-308; Gabor, T. (2001). Mandatory minimum sentences: A utilitarian perspective. *Canadian Journal of Criminology* , 43: 385-405; Gabor, T., & Crutcher, N. (2002). *Mandatory minimum penalties: Their effects on crime, sentencing disparities, and judicial system expenditures* . Ottawa : Department of Justice Canada; Meredith, C., Steinke, B., Palmer, S. (1994). *Research on the Application of Section 85of the Criminal Code ofCanada* . Working Document WD1994-20e. Ottawa : Department of Justice Canada; Roberts, J.V. (2003). Public opinion and mandatory sentencing. *Criminal Justice and Behaviour* , 20: 1-26; Roberts, J.V., & Cole, D.P. (1999). *Making sense of sentencing* . Toronto : University of Toronto Press.

[45] Fiona O'Connell, Comparative Research into Sentencing Guidelines Mechanisms, Research and Information Service Research Paper, June 2011, 34-35. http://www.justice.gc.ca/eng/rp-pr/csj-sjc/ccs-ajc/rr05_10/p2.html; Department of Justice, Equality and Law Reform "White Paper on Crime: Discussion Document No 2" (February 2010), 28.

**Пилот-проект за компјутерско следење на казнената политика.** Судството има развиено пилот-проект (*Irish Sentencing Information System - ISIS*)[46], којшто се состои во компјутерски систем кој обезбедува податоци за судиите во однос на казнените практики и изречените санкции во кривичните постапки во судовите. Овој проект се спроведува во Даблин, Корк, во Окружниот суд во Лимерик и во Окружниот и Апелациониот суд во Даблин. Резултатите од проектот се следат од Надзорен одбор (*steering committee*) составен од судии и експерти за казнено право и казнена политика. Целта на овој пилот-проект е да им биде од помош на судиите кога размислуваат за видот и висината на казната што би ја изрекле во еден конкретен случај. Тоа се овозможува на тој начин што судијата може во компјутерскиот систем да ги внесат релевантните околности на случајот и да добијат информација за видот и опсегот на казните и другите санкции што биле изречени за конкретното кривично дело во слични претходни случаи.

Овој систем содржи описни податоци и има за цел да им биде од помош на судиите, а не да ги обврзува во однос на одмерувањето на санкциите.

Надзорниот одбор секоја година изработува различни анализи за изречените санкции за определен вид на кривични дела за кои ќе оцени дека би биле од помош на судиите: во 2014 изработена е анализа за санкционирањето во кривичните дела поврзани со дрогата;[47] во 2013 година вниманието било посветено на кривичните дела поврзани со вооружените грабежи/разбојништва/тешки кражби (*robbery cases*);[48] изречените санкции за убиствата во периодот од 2007-2012 биле предмет на посебна анализа во 2013[49] и сл.

Наведениот Пилот-проект се оценува како корисен систем којшто обезбедува судско дискреционо одлучување, индивидуализација на казните и транспарентност во процесот на одмерување на санкциите. Сепак, има критики на системот дека во некои случаи делува ограничувачки и дека треба да се размисли во однос на неговото долгорочно влијание.

**Процес на реформи во казнената политика**. Во Република Ирска постојат размислувања и дилеми дали се потребни посебни упатства за одмерување на санкциите со цел да се надминат воочените неконзистентностите во казнената политика или тоа да се постигне со поинакви методи.

Искуствата од САД и Англија и Велс се оценети како неприфатливи.

Во Ирска долги години се одвива консултативен процес за изнаоѓање на најсоодветните решенија за превенција од криминално однесување и за соодветна казнена политика.[50] Во оваа смисла се подготвува Белата книга за процесот на криминал (*White paper on crime process*), со фокус на намалување на криминалот и побезбедна заедница и во тие рамки се работи на сеопфатна рамка за иднината на криминалната политика во форма на Национална Стратегија за борба против криминалитетот (*National Anti-Crime Strategy*). Во рамките на процесот голема улога има и *The Irish Penal Reform Trust (IPRT)*[51] како водечка НВО вклучена во кампањите и консултативниот процес за правата во казнениот систем и во прогресивната реформа на казнената политика во Ирска. Целта на Националната Стратегија е да се поставаат правците на реформите со цел за поголема ефикасност и ефективност и идентификување на приоритетите за борба против криминалитетот во перидот до 2018 година.[52]

---

46 http://www.irishsentencing.ie/.
47 http://www.irishsentencing.ie/en/ISIS/Analysis%20of%20Sentencing%20for%20Drug%20Offences,%20 Mar % 20 2014. pdf /Files/Analysis%20of%20Sentencing%20for%20Drug%20Offences,%20Mar%202014.pdf.
48 http://www.irishsentencing.ie/.
49 http://www.irishsentencing.ie/.
50 http://www.justice.ie/en/JELR/Pages/OverviewOfWPOC.
51 http://www.iprt.ie/.
52 http://www.reformplan.per.gov.ie/2014/sectoral_priorities_nav/3.5_justice/3.5.html.

# ТРЕТ ДЕЛ –

# АНАЛИЗА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ОДМЕРУВАЊЕ НА ВИДОТ И ВИСИНАТА НА КАЗНАТА

## IV. УСТАВНИ ТЕМЕЛНИ ВРЕДНОСТИ И ОСНОВНИ ПРАВНИ НАЧЕЛА ЗАГРОЗЕНИ СО ЗОВОВК

### 1. Повреда на начелото за поделба на власта

Поделбата на власта на законодавна, извршна и судска е една од темелните вредности определени во чл. 8, ст. 1, ал. 4 од УРМ. Начелото на поделба на власта подразбира автономно функционирање на трите власти: законодавната, судската и извршната.

На полето на казненото право, ова начело овозможува, во зависност од заштитеното добро, законодавецот да ги определи релативните рамки на казната за одделно кривично дело (пропишување санкции *in abstracto*). Со пропишувањето на санкциите се задоволуваат очекувањата на генералната превенција и улогата на законодавецот во сферата на санкциите. На судијата му преостанува да ја одмери казната во секој конкретен случај во зависност од неговите специфики, околностите на случајот, својствата на сторителот, степенот на загрозеност или оштетување на заштитеното добро, а водејќи сметка преку одмерената казна да се постигнат целите на казнувањето (одмерување санкции *in concreto*).

Поразителен е ставот дека судската власт е третата и помалку важна во однос на другите две власти. Ваквиот приод не придонесува за нормално функционирање на правната држава и претставува последица на инстументализирањето на правото во функција на политиката. И ЕК во своите извештаи укажува дека во Република Македонија постои нужност од разединување на државата од владеачката партија за да се овозможи нормално функционирање на институциите.

Донесувањето на ЗОВОВК ја наруши рамнотежата во поделбата на власта бидејќи законодавецот навлезе во сферата на судското одмерување на казните. Законодавецот излезе од дозволените рамки за дејствување кога е казнената политика во прашање.

Законодавецот излегува надвор од своите овластувања ако, покрај законското пропишување на санкциите, изрази настојување да го контролира и судското одмерување на санкциите. Со настојувањето да го ограничи и вкалапи судското одмерување на казните законодавецот манифестира недоверба во судиите и го минимоизира начелото на индивидуализација во казнувањето. Судското одмерување е законито сé додека се правилно применети одредбите од КЗ според оцената на судот за потребите на конкретниот случај. Секоја друга интервенција на законодавецот значи негово мешање во судската власт. [53]

Од оваа кратка елаборација произлегува дека ЗОВОВК е во спротивност со УРМ.

### 2. Повреда на независноста на судството

### 3.

Со ЗОВОВК еклатантно е повредена независноста на судството, и тоа во однос на следниве аспекти:

- евидентно неучество на судии од ВСРМ, како највисок во судската хиерархија на редовното судство во државата, во работата на Комисијата за воедначување на казнената политика;
- судиите кои се членови на Комисијата за воедначување на казнената политика наместо да ги предложи ВСРМ, ваквата надлежност ја доби ССРМ; и

[53] Проф. д-р Гордана Лажетиќ – Бужаровска, Невоедначената казнена политика и нејзиното влијание врз спогодувањето за кривична санкција според Законот за кривичната постапка, Деловно право – Издание за теорија и практика на правото, 70-та средба на правниците, Скопје, мај 2014, стр. 147-165 (Реобјавен труд во МРКК, Јануари, 2015).

- со фактот што Комисијата за воедначување на казнената политика доставува извештај за примена на ЗОВОВК од страна на судиите до ССРМ, којшто нема никаква надлежност да се грижи за воедначување на казнената политика.

На овој начин наместо тенденција за воедначување на казнената политика, што наводно е првичен таргет на ЗОВОВК, нескриено се манифестира тенденција за вршење дополнителен притисок врз судиите.

Законодавецот неоправдано го заобиколува УРМ и ја минимизира улогата на ВСРМ како единствениот суд што согласно чл. 101 од УРМ има должност да обезбеди единство во примената на законите од страна на судовите, а во тие рамки и грижа за воедначеност на казнената политика.

### 4. Повреда на слободното судиско убедување

Слободното судиско убедување е „камен темелник" на современите процеси за одмерување на санкциите и неспорна придобивка на доказното право.[54]

Тоа е израз на судската независност во одлучувањето и е особено важен принцип во доказното право и теорија особено имајќи го предвид фактот што слободата на судиското убедување не значи самоволие и арбитрерност туку оцена во рамките на законито изведените докази на кои судот ја заснова својата одлука.[55]

Во системот на релативно определени казни, судот има широки, но сепак ограничени можности за одмерување на казната, но индивидуализацијата се обезбедува со инструментариумот кој овозможува ублажување на казната, нејзино поострување, можности за ослободување од казна на виновен сторител, посебни можности за ослободување од казната, примена на споредни казни и мерката конфискација и сл.

Кај судијата треба да постои разумна убеденост *(conviction raisonée)* во постоењето односно непостоењето на определени факти, при што не постојат правни правила за вредноста на доказите, туку судијата одлучува врз основа на правната логика, психологијата и искуството со голема помош на новите техничко-технолошки методи кои значително помагаат во докажувањето.[56]

Игнорирање на значењето на слободното судиско убедување е спротивно на владеењето на правото и правичноста.

ЗОВОВК загрозува неколку темелни евроспки вредности: независност на судиите, слободно судиско убедување, поделба на власта, индивидуализација на казната, правда и правичност во одмерување на санкциите.

Со ЗОВОВК се воведува законско одмерување на казните, а судијата е должен да преземе повеќе математички операции пред да ја изрече казната.

Судското одмерување на казната, по правило, се сфаќа како втор аспект на казнената политика. Судот одмерува санкција во рамките што се пропишани во казненото законодавство – во КЗ и во многубројните вонказнени прописи.[57] Слободното судиско убедување подразбира судско одмерување на конкретна санкција по вид и висина, при што се очекува од судијата истата

---

[54] Mirjan Damaška, Dokazno pravo u kaznenom postupku oris novih tendencija, Pravni fakultet u Zagrebu, Poslediplomski studij iz kaznenopravnih znanosti, 2001, стр. 19.

[55] Davor Krapac, Kazneno procesno pravo, Prva knjiga: Institucije, IV izmenjeno i dopunjeno izdanje, NN, Zagreb, 2010; Милан Шкулић, Кривично процесно право, Друго измењено и допуњено издање, Београд, 2010; Матовски/Лажетиќ-Бужаровска/Калајџиев, Казнено процесно право, Второ изменето и дополнето издание, Скопје, 2011.

[56] Mirjan Damaška, Dokazno pravo u kaznenom postupku oris novih tendencija, Pravni fakultet u Zagrebu, Poslediplomski studij iz kaznenopravnih znanosti, 2001, стр. 23 и 29.

[57] Акад.проф. д-р В.Камбовски/проф. д-р Н.Тупанчески, Кодификација на казненото законодавство, Здружение за кривично право и криминологија на Македонија и ОБСЕ Набљудувачка Мисија во Скопје, јануари 2015.

да ја прилагоди на околностите поврзани за својствата и личноста на сторителот, придонесот на жртвата, но и последиците што ги претрпела жртва, *modus operandi*, а земајќи ги во предвид олеснителните и отежителните околности.

Во систем каде што во КЗ е прифатен систем на релативно пропишани санкции (законски максимум и законски минимум) сосема е неприфатливо да постои друг закон во кој се пропишува некава средна вредност којашто го обврзува судијата и ја оневозможува индивидуализацијат на казната.

Судското одмерување на казните се движи помеѓу флексибилноста поврзана со конкретните околности на случајот и неговиот сторител, од една страна и владеењето на правото и правната сигурност од друга страна.[58]

Со ЗОВОВК законодавецот ја загуби траекторијата по којашто требаше да се движи, па наместо да се фокусира на заложбите на научната и стручната јавност дека е потребно да се преиспитаат некои постоечки пропишани законски минимуми во КЗ, коишто со оглед на нивната висина оневозможуваат индивидуализација во определени случаи, отиде во другата крајност и сосема ја девалвираше улогата на судијата во делот на одмерување на казните.

## 5. Отстапување од основните начела врз кои се заснова казнувањето

ЗОВОВК промовира заострување на казнената политика со изрекување подолги казни затвор и покрај воочените недостатоци иманенетно поврзани со затворањето – криминална зараза, одлагање на проблемот што довел до сторување на кривичното дело, дејство врз последиците наместо врз причините и корените на криминалното однесување.[59] Оттука, со ова законско решение се тангира во следниве начела:

- значително е загрозено начелото за *индивидуализација на казнувањето*, поради негрижа за усогласеноста со Препораката бр. Р(92)17 на СЕ од 1992 година[60] - олеснителните и отежителните околности треба да бидат пропишани со закон, но и тогаш кога постои степенување мора да се остави слобода на судијата да ја индивидуализира санкцијата. Законодавецот не водел сметка за фактот дека системот на релативно определени казни прифатен во нашиот КЗ е резултат од прифатеното начело за индивидуализацијата на казната;[61]
- непосредно поврзано со индивидуализацијата на санкциите е и настојувањето за остварување на целта на казнувањето што, меѓу другото, се состои во *ресоцијализација на осудениот*, па оттука загрозувајќи ја индивидуализацијата се оневозможува остварување на целите на казнувањето;[62]
- ослабена е можноста на судијата да ја акцентира *специјалната превенција* бидејќи со бодовниот систем се дејствува врз последиците од кривичното дело, наместо грижата да биде насочена кон откривање на причините што придонеле за манифестација на криминално однесување, со што би се одбегнал подоцнежен повтор;

---

[58] Слично и во Andrew Ashworth, Sentencing and Criminal Justice, Fifth edition, Cambridge University Press, 2010, стр. 62.

[59] Н.Тупанчески/Г.Лажетиќ-Бужаровска, Sentencing guidelines – парадоксот на македонското законодавство, 5-ти Загребско - Скопски колоквиум, Загреб, 11-13.06.2015.

[60] Recommendation No. R(92)17 concerning consistency in sentencing, 19.10.1992.

[61] Подетално в.: Ѓ.Марјановиќ/М.Каневчев, Македонско кривично право – општ дел, седмо изменето и дополнето издание, Просветно дело, Скопје, 2010, стр. 237; В.Костовска, Одмерување казна за кривични дела во стек, Докторска дисертација, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, март 2016, стр. 101.

[62] Подетално в.: В.Камбовски, Казнено право – општ дел, IV изменето и дополнето издание, Просветно дело, Скопје, 2011.

## 6. Влијанието на ЗОВОВК врз квалитетот на судските одлуки

Со оглед на фактот што ЗОВОВК атакува врз основните постулати на казненото материјално и процесно право, не смее да се занемари неговото влијание врз работењето на судиите и врз квалитетот на судските одлуки.

Во овој контекст особено е важно да се укаже на Мислењето бр. 11 (2008) на Консултативниот совет на европски судии (КСЕС/CCJE).[63]

Квалитетот на судиските одлуки претставува главна компонента на квалитетот на правдата. Квалитетот на правдата се гледа и во тоа во колкава мера судиите се фокусирани на работата кон чисто судски активности. Независноста на судиите е во интерес на владеењето на правото и претставува привилегија што ја уживаат граѓаните кои бараат и очекуваат правда. Преку квалитетот на донесените судски одлуки граѓаните може да имаат доверба во исходот на судското постапување.

Квалитетот на една судиска одлука зависи не само од засегнатиот судија поединец, туку и од определен број варијабли кои лежат надвор од процесот на делење правда, како што се квалитетот на легислативата, адекватноста на ресурсите кои му се на располагање на правосудниот систем и квалитетот на правната обука.

Врз квалитетот на судските одлуки влијае и квалитетот на законодавството, како надворешен фактор. Одлуките се засноваат врз закон, а законите ја дефинираат и процедуралната рамка во контекст на која се донесуваат судиските одлуки. Квалитетот на законодавството влијае врз видот и обемот на случаи кои се поднесуваат до судовите, како и врз начините како истите се процесираат.

Соодносот на квалитетот на судиските одлуки и законодавството се изразува преку следниве аспекти:

- пречести промени во законодавството;
- донесување неквалитетното законодавство кои содржи низа недоречености.

Законодавната власт треба да се погрижи легислативата да биде јасна и едноставна за спроведување, и да биде во согласност со Европската конвенција за човековите права. Предуслов да се дојде до квалитетни одлуки е слободата на судиите да делуваат во една легислативна и процедурална рамка која им дозволува самостојно да одлучуваат во зависност од околностите на случајот.

[63] Достапно на македонски јазик на: http://www.coe.int/t/dghl/cooperation/ccje/textes/avis_EN.asp.

## V. КОНТРАДИКТОРНОСТИ ВО КАЗНЕНОТО ПРАВО ПРЕДИЗВИКАНИ СО ЗОВОВК

Воведувањето на спогодувањето во ЗКП[64] се злоупотреби за неколку легислативни измени на КЗ[65] при што, во името на спогодувањето, а за сметка на манифестирање политичка надмоќ, се измени КЗ со што се создаде состојба КЗ да биде во спротивност со УРМ, да постои интерна контрадикторност во општиот дел од КЗ (некои одредби од посебниот дел од КЗ останувaат неприменливи), да постои контрадикторност на општиот со посебниот дел од КЗ (некои одредби од посебниот дел од КЗ останувaат неприменливи), да постои контрадикторност помеѓу општиот дел на КЗ и ЗКП.[66]

### 1. Внатрешна контрадикторност во рамките на КЗ
### 2.

Со ЗОВОВК се внесе контрадикторност во рамките на самиот општ дел од КЗ, но се создаде и контрадикторност помеѓу општиот и посебниот дел на КЗ.

Пред измените на ст. 1 од чл. 40, од февруари 2014 година, судот можеше да ја ублажи казната или да примени поблаг вид казна во два случаи:

а) во случаите кога во КЗ беше предвидено дека сторителот може поблаго да се казни (на пример, кај пречекорувањето на нужната одбрана (чл. 9 ст. 3 од КЗ); кај пречекорената крајна нужда (чл. 10 ст. 3 од КЗ); битно намалената пресметливост (чл. 12 ст. 2 од КЗ); но и кај некои кривични дела содржани во посебниот дел: на пример, Наведување на самоубиство и помагање во самоубиство кое останало во обид (чл. 128 ст. 5 од КЗ); кај кривичните дела против вооружените сили (чл. 334 од КЗ) и сл.; и

б) во случај кога судот ќе утврдеше дека постојат особено олеснувачки околности кои дозволуваат и со ублажената казна да се постигнат целите на казнувањето.

Овие две основи се избришани со измените во чл. 40 од КЗ. Според постојниот текст на чл. 40, судот може да одмери казна под границата пропишана со закон, или да примени поблаг вид на казна во два сосема различни случаи од претходно пропишаните:

а) кога судот изрекува казна по поднесен предлог на спогодба за признавање на вина склучена меѓу јавниот обвинител и обвинетиот и

б) кога обвинетиот ќе ја признае вината на главната расправа согласно со одредбите од ЗКП.

Изменетиот чл. 40 всушност оневозможува ублажување на казна во претходно наведените случаи на пречекорување нужна одбрана или пречекорување на крајната нужда, ниту во однос на кривичните дела каде што во посебниот дел од КЗ изречно е наведено дека судот може поблаго да ги казни.

Фаворизирањето на ублажувањето на казната само за случаи на спогодување доведе до голема правна празнина којашто неизбежно ќе предизвикува проблеми во практиката.

---

[64] Службен весник на РМ, бр. 150/2010.

[65] Закон за изменување на Кривичниот законик, Службен весник на РМ, бр. 28/2014 од 06.02.2014; Г. Бужаровска, Невоедначената казнена политика и нејзиното влијание врз спогодувањето за кривична санкција според Законот за кривичната постапка, Деловно право – Издание за теорија и практика на правото, 70-та средба на правниците, Скопје, мај 2014, стр. 147-165 (Реобјавен труд во МРКК, Јануари, 2015, http://maclc.mk/).

[66] Интересот за парадоксите во македонското казнено законодавство ги надмина границите на Република Македонија, G.Lažetić – Bužarovska/N.Tupanceski/E.Mujoska, Mandatory Sentencing Guidelines: The Case Of Macedonia, European Scientific Journal, August 2016 edition, Vol.12, No.22 ISSN: 1857 – 7881 (Print) e - ISSN 1857- 7431, URL:http://dx.doi.org/10.19044/ esj.2016.v12n22p87

## 3. Контрадикторност помеѓу КЗ и ЗКП

Додека КЗ во изменетиот чл. 40 ст. 1 т. 1 предвидува дека во случај кога е поднесена предлог-спогодба за признавање вина судот може на сторителот да му одмери казна под границата пропишана со закон, во ЗКП изречно е наведено (чл. 490 ст. 1) дека судот не смее да изрече кривична санкција различна од онаа содржана во спогодбата. Оттука јасно произлегува дека ЗКП не му дава слобода на судот да одмерува санкција различна од предложената во предлог-спогодбата. Оттука, т. 1 е во спротивност со ЗКП.

Од друга страна, чл. 483 од ЗКП упатува на чл. 41 од КЗ, односно пропишува дека при спогодувањето странките може да му предложат на судот кривична санкција определена според видот и висината, но само во законски определените рамки за конкретното кривично дело, но не под границите за ублажување на казната. Во контекст на ова, зачудува како во чл. 20 од ЗОВОВК, наместо да се прифатат рамките од чл. 41 од КЗ, се предвидува можност за ублажување на казната за 50% (кога договарањето на јавниот обвинител и обвинетиот се одвива во текот на истражната постапка и во скратената постапка до поднесување на обвинителниот предлог), за 40% од казната (кога договарањето се одвива во фазата на оцена на обвинителниот акт), односно за 30% во случај на признание на вина дадено на главната расправа. Ваквите процентуални ублажувања на казните се спротивни на одредбата од чл. 41 на КЗ.

Дополнително, треба да се укаже на фактот дека во ЗОВОВК се користи термин „договорена казна" а всушност се работи само за предложена казна од странките којашто потоа оди на оцена од страна на судот.

## 4. Степен на кривична одговорност

Утврдувањето на степенот на кривична одговорност е примарен фактор при одлучување на судот во однос на вината на сторителот, а е еден од одлучувачките фактори и при избор на видот и одмерувањето на висината на кривичната санкција. Согласно чл. 39 од КЗ, судот ја одмерува казната во границите пропишани со закон за конкретното кривично дело, имајќи ја предвид кривичната одговорност на сторителот, тежината на делото и целите на казнувањето. [67]

Со ЗОВОВК за првпат во казненото право степенот на кривичната одговорност не се одмерува според дејствијата што обвинетиот ги презел пред, во текот и по сторувањето на кривичното дело, туку зависат од стадиумот на постапката кога обвинетиот се согласил на спогодување.

Имено, степенот на кривичната одговорност, ценета од аспект на одмерената казна, е најнизок ако обвинетиот во истражната постапка одлучи да се спогоди (ублажување до 50% од казната), нешто повисок е во фаза на оцена на обвинителен акт (ублажување до 40%), а највисок е степенот на кривичната одговорност ако обвинетиот одлучи да ја признае вината на главната расправа и биде донесена пресуда врз основа на признание на вина (ублажување до 30%).

Токму ваквиот приод содржан во ЗОВОВК оди во прилог на тврдењето дека спогодувањето се злоупотребува со цел обвинетиот да донесе неправична, но рационална, одлука да се спогоди и кога не се чувствува виновен само за да добие ублажување на казната до 50%, нешто што во подоцнежните стадиуми од постапувањето е невозможно.

[67] Види подетално коментар на чл. 11 и на чл. 39 од КЗ, Акад. Владо Камбовски, Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Второ изменето издание, Матица, Скопје, 2015.

## VI. ДИЛЕМИ ВО ОДНОС НА ОПФАТОТ НА ЗОВОВК

### 1. Контрадикторност помеѓу чл. 1, чл. 2 и чл. 9 од ЗОВОВК

Во текстот на ЗОВОВК се забележува номотехнички проблем во однос на опфатот на некои одредби. Предметот и целта на законот се сосема различни.

Имено, во членот 1 изречно се наведени три аспекта што ги уредува овој закон:

- одредувањето на видот и одмерувањето на казната,
- договарање за видот и висината на казната меѓу јавниот обвинител и обвинетиот во рамките на спогодувањето
- формирање, состав, мандат и надлежности на Комисијата за воедначување на казнената политика.

На ниту едно место во чл. 1 не е наведено дека одредбите од овој закон ги обврзуваат судиите при одмерување на санкциите.

Членот 1 е во контрадикција со членот 2, каде што законодавецот определува дека целта на законот е воедначување на казнената политика при изрекувањето на казните од судовите во Република Македонија преку пропишување објективни критериуми за одредување на видот и одмерување на висината на казната.

Во членот 9, пак, ЗОВОВК регулира дека одредувањето на видот и одмерувањето на висината на кривичните санкции судијата го врши врз основа на пропишаните критериуми со овој закон.

Ваквата неконсеквентноста зборува за брзоплетоста на законодавецот којшто од документ што беше замислен да биде само Упатство за јавното обвинителство, прекуноќ, одлучи истиот текст да го претвори во посебен закон што по основ на измените во чл. 39 од КЗ ќе стане задолжителен за судиите при одмерување на санкциите.

### 2. Примена на ЗОВОВК во постапката спрема деца

Постапувањето спрема децата е регулирано со Законот за правда за децата, како *lex specialis,* но се применуваат и одредбите од ЗКП, како *lex generalis*.

Во ЗОВОВК не е содржана ниту една одредба во однос на возраста на сторителот, освен во рамки на олеснителните околности (помлади полнолетници). Имајќи ги предвид одредбите од Законот за правда на децата, каде што санкциите се пропишани на специфичен начин во зависност не само од тежината на кривичното дело, туку од возраста и зрелоста на детето во судир со законот, од околностите под коишто е тоа сторено, присуството на ризик факторите и поранешниот живот на детето во судир со законот, семејна и социјална положба на детето, ЗОВОВК не се применува во однос на одмерување на санкции спрема деца во судир со законот.

### 3. Примена на ЗОВОВК во случај на судење во отсуство

Во досегашната долгогодишна судска практика, штом пресудата се донесуваше во отсуство на обвинетиот му беше одмерувана построг вид казна или казна во поголем износ односно со подолго времетраење, со што се мотивираше обвинетиот да бара повторување на кривичната постапка со цел постпката да се одвива во негово присуство (на што инсистира и ЕКЧП) и тој да може да презентира своја одбрана односно да ја намали доказната вредност на доказите предложени и изведени од страна на јавниот обвинител.

Со можноста да се бара повторување на постапката поради судење во отсуство се одбегнува извршување на пресуда донесена во отсуство.

ЗОВОВК не содржи околност поврзана со судењето во отсуство во рамките на отежнувачка околности се наметнува прашањето како судијата ќе го цени отсуството на обвинетиот и какви импликации ќе има отсуството во однос на видот и одмерувањето на казната.

Од анализата на пресудите за потребите на оваа анализа, истражувачите дојдоа до сознание дека во постапките каде што се суди во отсуство ЗОВОВК воопшто не се применува, бидејќи судот не е во можност да располага со потребните докази поврзани со олеснителните околности, па изборот и одмерувањето на санкцијата се врши надвор од рамките што ги предвидува ЗОВОВК.

### 4. Проблеми со изрекување на паричната казна

Целосната фокусираност на законодавецот при донесувањето на ЗОВОВК за изрекување на казната затвор доведе до две воочени состојби поврзани со паричната казна коишто во практиката неизбежно ќе предизвикаат сериозни потешкотии и проблеми:

- **изрекување парична казна за користољубие како споредна казна и кога тоа не е изречно пропишано во посебниот дел на КЗ –** постои правна празнина и се поставува прашање во кои рамки судијата ќе ја одмери паричната казна согласно чл. 34 ст. 2 од КЗ, односно кога за кривични дела сторени од користољубие може биде изречена парична казна, како споредна казна, и кога таа не е пропишана со закон како казна за соодветното кривично дело;

- **забрана за изрекување парична казна кога е таа алтернативно предвидена во КЗ** – предмет на посебна анализа треба да бидат ефектите што ќе ги предизвика фактот што законодавецот при конципирање на ЗОВОВК одлучил дека за некои вертикални категории на повтор паричната казна не смее да се изрече, иако е таа пропишана како алтернативна казна покрај казната затвор. Во чл. 41 ст. 1 т. 8 од КЗ, во однос на ублажувањето на казната е пропишано дека кога за едно кривичното дело е пропишана казна затвор до 3 години со назначување на најмалата мера, наместо казна затвор може да се изрече парична казна, но во ЗОВОВК постои изречно ограничување во однос на следниве категории кривични дела:

  - кривичните дела за кои е пропишана парична казна или затвор до 1 година (во V и VI вертикална категорија);
  - кривичните дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор од 3 месеци до 1 година (во V и VI вертикална категорија);
  - кривичните дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор од 6 месеци до 1 година (во V и VI вертикална категорија);
  - кривичните дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор до 3 години (во IV, V и VI вертикална категорија);
  - кривичните дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор од 3 месеци до 3 години (во IV, V и VI вертикална категорија);
  - кривичните дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор од 6 месеци до 3 години (во IV, V и VI вертикална категорија);
  - кривичните дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор од 1 до 3 години (во IV, V и VI вертикална категорија).

## 5. Одмерување на казна за дела во стек

Со оглед на фактот што во ЗОВОВК не постојат посеби одредби во однос на кривичните дела сторени во стек произлегува дека судијата е должен:

- првин да ги утврди поединечните казни за секое сторено кривично дело според одредбите на ЗОВОВК,
- да пополни работни листови за секоја утврдена казна за одделните кривични дела, па
- да определи единствена казна според чл. 44 од КЗ.[68]

Определувањето единствена казна на овој начин ќе доведе до значително заострување на казнената политика и веројатно поголем диспаритет помеѓу казните определени за дела во стек наспроти казните определени за едно продолжено кривично дело.

Истражувачите стравуваат дека ваквиот диспаритет дополнително може да има криминогено дејство врз сторителот да преземе повеќе временски поврзани дејствија со цел да го оствари битието на чл. 45 од КЗ и да му се суди за едно продолжено кривично дело.

Од друга страна обвинетиот би можел *неоправдано да биде доведен во привилегирана состојба* и тоа во следниве случаи:[69]

- кога обвинетиот сторил три кривични дела и судот ќе му одмери казна за секое од кривичните дела, но ако е тој повторник казните ќе бидат повисоки, но согласно чл. 44 од КЗ единствената казна но не смее да го достигне збирот на утврдените казни, па лицето може да помине поблаго.
- при замена на парична казна со суплеторен затвор – ако единствената парична казна изнесува 600 дневни глоби, лицето би требало да биде во затвор во траење од 1 година, 4 месеци и 20 дена, но тоа е спротивно на чл. 38-а ст. 2 од КЗ, каде што изречно е пропишано дека затворот не може да трае подолго од 6 месеци.

## 6. Признание на вина во скратена постапка

Според одредбата на чл. 21 од ЗОВОВК се наметнува дилемата како да постапи судот во скратената постапка и дали воопшто оваа одредба може да се примени во скратена постапка, од причини што во скратената постапка странките не даваат воведни говори.

Врзувајќи го даденото признание по дадените воведни говори, законодавецот покажал непознавање и на ЗКП, според чиишто одредби, по воведниот говор на обвинителот, судијата го поучува обвинетиот за неговите права, меѓу кои, и правото да даде признание.

Во практиката штом обвинетиот ќе изрази подготвеност да признае, воопшто одбраната не дава воведен говор и признанието се дава откако само јавниот обвинител дал воведен говор.

Оттука, ако *sensu stricto* се толкува чл. 21 од ЗОВОВК, проблематична би била неговата применат и во редовната кривична постапка.

## 7. Примена на ЗОВОВК во постапка за издавање казнен налог

Со оглед на фактот што кај одредбите од ЗКП во однос на Постапката за издавање казнен налог (чл. 497-500, Глава XXXI од ЗКП) однапред се пропишани санкциите што може да бидат

[68] Вака и според Работен лист В, Прилог 5, кон ЗОВОВК.
[69] В.Костовска, Докторска дисертација, стр. 122-123.

предложени од страна на јавниот обвинител, се поставува прашањето дали во овој случај ќе се применуваат одредбите од ЗОВОВК.

Од анализата на пресудите произлегува дека во ниту една од нив судот посебно не ги елаборирал околностите содржани во ЗОВОВК во случај кога го прифатил предлогот за издавање казнен налог со санкцијата што ја предложил обвинителот. Од анализа на образложенијата на пресудите со кои се изрекува казнениот налог, произлегува дека кај казнениот налог не се применува ЗОВОВК, па оваа околност може да наведе на заклучок дека неприменувањето на ЗОВОВК доведува до значително зголемување на примената на казнениот налог во практиката.

Од сознанијата добиени во рамките на фокус групите, истражувачите заклучија дека судиите пред да одлучат дали ќе го прифатат предлогот за издавање казнен налог, проверуваат дали предложената санкција е во рамките на критериумите од ЗОВОВК и од таквата оцена зависи дали ќе го прифатат предлогот за издавање казнен налог.

## VII. АСПЕКТИ ПОВРЗАНИ СО ОКОЛНОСТИТЕ СОДРЖАНИ ВО ЗОВОВК

### 1. Статус на поранешната осудуваност

ЗОВОВК го апострофира значењето на поранешната осудуваност при определување на вертикалното ниво во коешто би се категоризирал обвинетиот. Ваквата определба на ЗОВОВК е во директна спротивност со Препораката на СЕ за конзистентност во санкционирањето бр. Р(92)17 во 1992,[70] според којашто претходната осудуваност не треба во било која фаза од кривичната постапка механички да се користи како фактор против обвинетиот. во Препораката, особено се нагласува дека влијанието на претходната осудуваност треба да биде редуцирано односно воопшто не треба да биде земено предвид во следниве случаи: а) поминало значително време од претходното сторено кривично дело; б) конкретното сторено дело е со помала сериозност, или претходно стореното кривично дело било со помала сериозност или в) кога сторителот е млада личност.

Повторот не е елемент на битието на кривичното дело за кое се одмерува казна, и од овие причини не смее да биде примарен критериум со клучно влијание врз висината на казната. Сепак, повторот добива токму ваков карактер бидејќи има пресудно значење за одмерување на казната според ЗОВОВК, односно за определување на т.н. вертикална категоризација на обвинетиот.

Во казненото право до 1996 година беше предвидено дека повторот претставува факултативна отежнувачка околност, а со ЗОВОВК десет години подоцна повторот се враќа во казненото право но сега како задолжителна отежнувачка околност за одмерување на казната.

Згора на претходно елаборираното, ЗОВОВК како да сака да го затские овој факт па во членот 9 оперира со погрешен термин „*поранешен живот на сторителот*“ наместо „*претходна осудуваност на обвинетиот*“.[71]

Прилично дискутабилно е прашањето зошто законодавецот при донесувњето на ЗОВОВК претходната осудуваност ја сместил во т.н. објективни критериуми за одредување на видот и одмерување на висината на кривичната санкција.

---

[70] Recommendation No. R(92)17 concerning consistency in sentencing, 19.10.1992.

[71] Подетално: Н.Тупанчески/Г.Лажетиќ-Бужаровска, Sentencing guidelines – парадоксот на македонското законодавство, 5-ти Загребско - Скопски колоквиум, Загреб, 11-13.06.2015.

## 2. Применливост на дел од пропишаните околности во ЗОВОВК

Во делот од ЗОВОВК каде што се наведени олеснителните и отежнувачки околности може да се забележат околности коишто предизвикуваат дилеми во однос на фактот дали се тие во согласност со основните постулати врз кои почива казненото право и дали постојат доволно основи за нивна успешна примена во практиката.

Кога ќе се пресмета збирот на бодовите што може да се добијат за различни олеснителни, односно отежнувачки околности се заблежува диспропорција во прилог на отежнувачките околности. Имено, бодовите за сите пропишани олеснителни околности даваат вкупен збир од 141 бод, додека отежнувачките околности го даваат збирот од 210 бода. Ваквиот дисбаланс тешко може да се оцени како аргумент во прилог на тврдењето дека ЗОВОВК е донесен со цел да се воедначи казнената политика.

### 2.1. Краток осврт врз некои од пропишаните олеснителни околности

- **менталната попреченост (10 бода),** се утврдува само со помош на психијатриско вештачење и од менталната состојба на лицето (душевна болест, душевна растроеност или заостанат душевен развој) ќе зависи оцената на неговата пресметливост *tempore criminis* и оваа околност не може да има статус на олеснителна околност. Ако се утврди непресметливост, на предлог од обвинителот, судот изрекува соодветна мерка на безбедност наместо казна. Ако делото го сторил во состојба на битно намалена пресметливост постои факултативен основ за ублажување на казната, поради понискиот степен на вина;

- неразбирливо е од кои причини **пречекорувањето на нужната одбрана (10 бода)** е предвидено како олеснителна околност, кога таа, согласно чл. 9 ст. 3 од КЗ, претставува факултативна основа за ублажување на казната, односно основ за ослободување од казна на сторителот ако пречекорувањето е сторено поради силна раздразливост или уплав, факти коишто се утврдуваат со спроведување на вештачење;

- особено загрижува што во рамките на олеснителните околности е пропишана **крајната нужда (10 бода)**, којашто согласно КЗ претставува основ за исклучување на противправноста и ниту во еден случај не може да биде оценета како олеснителна околност;

- олеснителната околност за **лицето кое не учествувало директно во реализација на криминалниот потфат (4 бода)**, туку, на пример, чувало стража, е во директна спротивност со теоријата за поделба на улогите во однос на соизвршителството. Ирелевантно е кому која улога му припаднала при поделбата на улогите доколку помеѓу соизвршителите постоел договор за извршување на кривичното дело, доколку тие се договориле кому која улога ќе му припадне и доколку било преземено инкриминираното дејствие според претходната поделба на улогите;[72]

- **надоместена штета или остранети штетни последици пред започнување на постапката (8 бода),** според ЗОВОВК претставуваат олеснителни околности, а според КЗ, чл. 43-а, постои можност судот да го ослободи од казна сторителот кој до завршувањето на кривичната постапка ќе ја врати одземената корист на оштетениот, ќе ја надомести штетата, или на друг начин ќе ги надомести или поправи штетните последици на кривичното дело;

- **придонесот на обвинетиот за ефикасно завршување на кривичната постапка (1 бод)** е предвидена како олеснителна околност при што останува сосема нејасно во што би

---

[72] Подетално в.: В.Камбовски, Коментар на КЗ, стр. 273.

се состоел придонесот - дали неискористување на процесните можности за приговарање, обжалување и сл., или самиот факт што обвинетиот не станал недостапен за органите на прогонот во текот на постапката е доволна основа неговото однесување да се подведе под оваа олеснителна околност. ЕСЧП, во однос на оцената на разумното судење според чл. 6 од ЕКЧП, зазел став дека е сосема нелогично да се очекува обвинетиот активно да соработува со органите на прогонот, туку е доволно тој да не го опструира постапувањето (наведување на органите на прогонот на погрешна насока; недостапност во дел од постапката; процесна активност којашто од судот е оценета како намера за одолговлекување и сл.). Доколку законодавецот навистина сакал да поттикне соработка или отсуство на опструкции во текот на кривичната постапка, требало оваа олеснителна околност повисоко да ја бодира, а со оглед дека ваквото однесување на обвинетиот носи само еден бод во прилог на олеснителните околности, не делува многу мотивирачки за обвинетиот да дава придонес во овој правец;

- нејасно е зошто добиените **<u>општествени признанија (1 бод)</u>** се наведени како олеснителна околност ако се има предвид фактот дека од лицата кои се наградени или имаат некои признанија се очекува да ја оправдаат довербата што им била дадена, да придонесат за подигнување на нивото на почитување на општествено прифатените вредности и норми на однесување и персонално дејствување, а не да се јавуваат како сторители на кривични дела. Пологично би било оваа околност да биде земена како отежителна околности;

- поминатото **<u>подолго време од претходно издржаната казна затвор (4 бода)</u>** е предвидено како олеснителна околност што е во целосна спротивност со Препораката на СЕ за конзистентност на казнувањето Р (92)17, според којашто, претходната осудуваност е ирелевнатна ако поминало многу време од претходната осуда. Во прилог на оглушувањето на законодавецот на наведената Препорака е и фактот што е таа бодирана само со 4 бода, наместо со најмалку 10 бода.

### 2.2. Краток осврт врз некои од пропишаните отежнувачки околности

- околноста дека **<u>кривичното дело е извршено без повод или причина (5 бода)</u>** ретко би се применила во практиката, со оглед на фактот што обвинителот се стреми да го утврди мотивот за сторување на кривичното дело. Од друга страна не е исклучена можноста кривичното дело да е извршено без повод или причина кај т.н. ситуационене криминал односно кога делото е сторено од лице со болести на зависност (алкохолизам, злоупотреба на наркотични средства и сл.), но таквата околност е посебно предвидена како отежнувачка и се бодува со 4 бода;

- **<u>недостатокот на каење кај обвинетиот и покрај неговото признание (2 бода)</u>** е интересно за анализа бидејќи освен врз факти, судијата треба бодувањето да го врши и врз основа на емоциите што ги манифестирал обвинетиот при давањето признание;

- отежителната околност **<u>кривичното дело да било извршено во време на проверка на условна осуда (9 бода)</u>**, е спротивна на одредбите на КЗ, бидејќи согласно чл. 51 од КЗ, посебно се пропишани основите кога условната осуда ќе се отповика ако е стореното ново кривично дело во времето на проверување;

- можеби најконтроверзна отежителна околност е т.н. **<u>искуство на сторителот (1 бод)</u>** поместена во делот VIII. Други околности што се однесуваат на личноста на сторителот. На какво искуство мислел законодавецот кога го креирал ЗОВОВК останува нејасно, па уште потешко ќе биде судијата да ја вреднува оваа отежителна околност;

- отсуствува елементарна логика како судијата би го ценел **<u>ниското културно ниво и негативниот однос кон општо прифатените вредности (1 бод)</u>** како отежителна

околност кај сторителот на кривичното дело, односно според кои критериуми би ја засновал својата оцена. Имено, загрижува фактот што оваа отежителна околност може да доведе до дискриминација на обвинетите од нониските општествени слоеви, односно на обвинетите што потекнуваат од рурални области и сл.;

- отежителната околности **насилен карактер (5 бода),** исто така, може да биде проблематична за оцена од страна на судијата со оглед на фактот што насилничкото однесување вообичаено елемент на начинот на сторување на кривичното дело (тешка кражба, разбојничка кражба, разбојништво, кривично дело сторено при семејно насилство, насилничко однесување со што се загрозува јавниот ред, кривични дела против животот и телото, кривични дела против половата слобода и половиот морал и сл.), и во тие случаи судијата не би можел два пати да ја цени истата околност. Од друга страна, се поставува прашањето како судијата ќе добие сознанија/медицинска потврда за насилничкиот карактер кај голем дел од кривичните дела коишто не спаѓаат во насилничкиот криминалитет и зошто воопшто би го ценел насилничкиот карактер како отежителна околност (на пример, кај кривичните дела како што се, на пример, Злоупотреба на лични податоци од чл. 149; Повреда на авторско право и сродни права од чл. 157; различните облици на пиратерија; Повреда на правата од работен однос од чл. 166; Компјутерска измама од чл. 251-б; Фалсификување исправа од чл. 378; и мноштво други дела од посебниот дел на КЗ);

- во ера на апострофирана специјална превенција и ресторативна правда, како правци во коишто се развива модерното казнено право на европско тло, во ЗОВОВК законодавецот на голема врата ја враќа генералната превенција, предвидувајќи ја како отежителна околност **зачестеноста во извршувањето на конкретното кривично дело – како појава (9 бода)**, којашто притоа е исклучително високо бодувана. Оваа отежителна околност претставува всушност заострување на казната во конретниот случај поради генерална превенција, што се коси со начелото за индивидуализација на казната. Неправедноста на одмерената казна особено доаѓа предвид кога станува збор за примарен сторител што сторил кривично дело коешто е зачестено, па добива бодови во прилог на отежителните околности без оглед на особеностите на неговиот конретен случај. Останува дилемата како ќе се цени зачестеноста на кривичното дело? Според кои параметри? Официјалните податоци коишто се однесуваат на државно ниво не се од помош, бидејќи не би било праведно, на пример, некој од Охрид да добие построга санкција затоа што разбојништвата се позачестени во Скопје. А ако се мислело на зачестеност на локално ниво, исто останува нејасно кои параметри би требало да се земат предвид – податоците од годишниот извештај на судот од претходната година; просек од претходните пет години (бидејќи за да се изведе заклучок за зачестеност како тенденција, а не како појава би требало да биде земен предвид минимум претходен петгодишен период), а добро е познато дека оваа околност како посебен податок ниту се мери, ниту се следи. Се чини сосема непотребно толку високо вреднување на зачестеноста на кривичното дело: ако целта била да се нагласи генералната превенција, законодавецот загубил од вид дека апстрактната опасност од кривичното дело и генералната превенција се содржани со видот и висината на пропишаната санкција во КЗ во моментот кога инкриминираното дејствие било пропишано како кривично дело. Врз определбата на законодавецот особено влијание има и заштитеното добро што се штити со пропишаното кривично дело и пропишаната санкциа. Кога генералната превенција се вклучува во индивидуализацијата на казната, крајниот исход е неизбежно неправично одмерена санкција по вид и висина.

## VIII. ИМПЛИКАЦИИ ОД ПРИМЕНАТА НА ЗОВОВК ПРЕКУ АНАЛИЗА НА ПРЕСУДИТЕ

Од анализираните пресуди, истражувачите одлучија да издвојат некои воочени појави кои сметаа дека заслужуваат да бидат, со математички јазик кажано, издвоени пред заграда со цел да поттикнат натамошни анализи, истражувања и толкувања.

### 1. Воочени тенденции

Од добиените податоци од пресудите донесени во периодот откако започнал да се применува ЗОВОВК, без некоја посебна продлабочена анализа може да се забележат две видливи тенденции:

- зачестено *признание на главна расправа* (анализата на пресудите покажа дека речиси во 90% од пресудите донесени по примена на ЗОВОВК обвинетите на главната расправа ја признале вината); и
- зачестена примена на *постапки за издавање казнен налог* со што обвинителите и судиите си ја олеснуваат работата без да бодуваат околности во конкретниот случај.

На овој начин, и со примената на ЗОВОВК, судиите изрекуваат слични санкции како и пред неговото донесување. Ова е единствениот модус обвинетиот да не биде оштетен со одмерена престрога казна.

Ваквите тенденции, според истражувачите, може да се толкува како практичен модус како да биде одмерена санкција којашто нема да биде значително неправична спрема обвинетиот а согласно околностите на конкретниот случај.

### 2. Влијание на ЗОВОВК во однос на одмерувањето на санкциите

Иако од анализираните 150 пресуди не може да се изведуваат конечни заклучоци во однос на ефектот на ЗОВОВК врз одмерувањето на казните, сепак истражувачите се одлучија да наведат неколку примери за одмерени казни со примена на ЗОВОВК каде што наместо да се нагласи индивидуализацијата, се забележува шаблонизираност во однос на тоа кои околности бодовно преовладуваат:

- за кривично дело Кражба од чл. 235 ст. 1, пропишана парична казна или казна затвор до 3 години, поради претходна осудуваност (четврта категорија) изречена е казна затвор од 2 години и 2 месеци (24 месеци), само поради фактот што преовладувале отежителните околности;
- за кривично дело Тешка кражба од чл. 236 ст. 1 т. 3, пропишана казна затвор од 3 до 10 години, претходно осудуван (петта категорија), наместо казна затвор од 3 години (според табелите во ЗОВОВК) судот му одмерил половина – казна затвор од 1 година и 6 месеци имајќи предвид дека преовладувале олеснителните околности, како и околноста дека постапката се водела по обвинителен предлог, а на обвинетиот воопшто обвинителството не му понудило можност за спогодување пред поднесување на обвинителен предлог;
- за едно продолжено кривично дело кражба од чл. 235 ст. 1 вв. чл. 45 од КЗ, пропишана парична казна или казна затвор до 3 години, поради претходна осудуваност (шеста категорија)

е изречена максималната казна затвор од 3 години, бидејќи преовладувале отежителните околности;

- за две кривични дела, Разбојничка кражба од чл. 238 ст. 4 и Недозволено изработување оружје од чл. 396 ст. 1, поради претходна осудуваност (шеста категорија), за првото била утврдена казна затвор од 218 месеци, за второто кривично дело била утврдена казна затвор од 110 месеци, па согласно чл. 44 од КЗ била одмерена единствена казна за дела во стек од 14 години затвор и тоа поради дадено признание на вина, односно со 30% редуцирање на казната што би била изречена ако обвинетиот не ги признал делата;

- за кривично дело Телесна повреда од чл. 130 ст. 2, без претходна осудуваност, обвинетиот е осуден на затвор од 15 месеци;

- за две кривични дела Измама од чл. 247 ст. 1, за кое е пропишана парична казна или затвор до 3 години, поради повеќе поранешни осуди и фактот што преовладувале отежнувачките околности, а имајќи го предвид даденото признание на главна расправа, за секое кривично дело на обвинетиот му била утврдена казна затвор во траење од по 2 години, па изречена единствена казна затвор од 3 години и 6 месеци;

- за кривично дело Убиство од чл. 123 ст. 2 т. 2, на обвинет кој претходно не бил осудуван и којшто дал признание на главна расправа, со 1 бод отежителни околности и 14 бода олеснителни околности, изречена му е казна затвор во траење од 9 години.

## 3. Дали се остварува целта на ЗОВОВК?

Донесувањето на ЗОВОВК имаше за цел да го воедначи начинот на постапувањето на судиите при одмерување на казните преку пропишани олеснителни и отежнувачки околности што треба да бидат ценети. При анализа на пресудите, истражувачите воочија два аспекта кои заслужуваат да бидат посебно издвоени:

- во некои од анализираните пресуди се забележува дека бил применет ЗОВОВК, но судијата ништо не навел во образложението на пресудата што би било поврзано со определување на хоризонталното и вертикалното ниво, ниту се наведени бодови за олеснителните и отежителните околности;

- се воочува дека во практиката судиите ги оценуваат, во основата, само оние отежителни и олеснителни околности коишто беа содржани во чл. 39 од КЗ, пред неговата измена со цел да се предвиди основот за донесување на ЗОВОВК. Ваквата практика на судиите не произлегува од непочитување на одредбите од ЗОВОВК, туку се должи на фактот што во ЗОВОВК се содржани некои отежителни и олеснителни околности коишто неизбежно ќе останат мртво слово на хартија.

## 4. Примери на невоедначена практика и со примена на ЗОВОВК

Анализата на пресудите покажа дека не се непознати случаи кога за исто кривично дело во различни судови се одмеруваат различни санкции иако се применува ЗОВОВК:

- за кривичното дело Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 во еден од анализираните судови со признание на главната расправа, претходно неосудуван, била изречена алтернативна мерка – условна осуда (утврдена казна затвор од 6 месеци со период за проверка од 1 година); во втор суд за истото кривично дело, без претходна осудуваност, била изречена казна затвор од 15 месеци;

- за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од помало количество од чл. 215 ст. 2 од КЗ, спрема примарен сторител, во еден суд е изречена казна затвор во траење од 8 месеци, а во друг суд изречена алтернативна мерка – условна осуда (утврдена казна затвор од 10 месеци со период за проверка од 2 години).

### 5. Примери на заострена казнена политика

Апострофирањето на претходната осудуваност доведе до евидентна заострена казнена политика со примената на ЗОВОВК:

- пред примената на ЗОВОВК за кривично дело Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 1 била изречена алтернативна мерка – условна осуда со утврдена казна затвор од 6 месеци со период за проверка од 18 месеци), а по примената на ЗОВОВК спрема обвинет кој бил примарен сторители и признал вина на главната расправа, му била изречена казна затвор од 4 месеци;
- пред примената на ЗОВОВК за едно продолжено кривично дело тешка кражба од чл. 236 ст. 1 т. 1 вв чл. 45 од КЗ била изречена казна затвор во траење од 1 година, а по примената на ЗОВОВК, за едно продолжено кривично дело кражба од чл. 235 ст. 1 вв. чл. 45 од КЗ, поради претходна осудуваност била изречена казна затвор од 3 години;
- пред примената на ЗОВОВК за кривичното дело Тешка кражба од чл. 236 ст. 5 од КЗ, на тројца обвинети кои биле претходно осудувани за слични кривични дела, а едниот се наоѓал во Идризово на издржување казна затвор судот, на двајца им изрекол по 6 месеци казна затвор, а на обвинетиот кој се наоѓал во Идризово му изрекол казна затвор во траење од 10 месеци, а по примената на ЗОВОВК на обвинет кој имал само една претходна осуда му била изречена казна затвор во траење од 18 месеци;
- пред примената на ЗОВОВК за кривично дело Тешка кражба од чл. 236 ст.1 т. 1 од КЗ, на обвинет кој бил повеќепати осудуван му била изречена казна затвор во траење од 1 година, а по примената на ЗОВОВК на обвинет кој имал само една претходна осуда му била изречена казна затвор во траење од 17 месеци којашто е всушност намалена за 30% поради дадено признание на главната расправа.

### 6. Примери кога според ЗОВОВК се изрекла полесна казна

Не се исклучени случаите кога со примена на ЗОВОВК се одмерува вид и висина на кривичната санкција која се оценува како преблага во однос на претходно востановената казнена политика. Следниве два примера служат како аргумент во однос на ваквото тврдење:

- за сторено кривично дело Силување од чл. 186 ст. 1 од КЗ, обвинетиот бил осуден на казна затвор во траење од само четири години, бидејќи не бил претходно осудуван, бил женет, со оформено образование и не се водела постапка за друго кривично дело, спаѓал во првата вертикална категорија според која што не може да биде изречена казна затвор во траење повеќе од 50 месеци;
- за сторено кривично дело Повеќекратно убиство од чл. 123 ст. 3 од КЗ, обвинетиот којшто бил примарен сторител спаѓал во првата вертикална категорија, каде што со оглед на недостаток на повеќе отежителни околности, му е изречена казна затвор од 11 години согласно пропишаната средна вредност за првата вертикална категорија односно 132 месеци.

## IX. СТАВОВИ НА ПРАКТИЧАРИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО ФОКУС ГРУПИТЕ

Изразување на ставовите на практичарите во фокус групи во состав од 25-30 учесници се покажа како исклучително ефикасен метод за сондирање на ставовите, изразување на скептицизмот за успешна примена на некои одредби од ЗОВОВК, потешкотиите со кои практичарите се соочуваат во практиката, па дури и предлози како да се надмине моменталната состојба во казненото законодавство.

Истражувачите сметаат дека особено внимание заслужуваат следниве изнесени ставови:

- практичарите изразија разочарување што не биле консултирани во текот на изготвувањето на содржината на законот, со оглед на фактот што тие би можеле да дадат квалитетен придонес со релевантни забелешки и укажување;
- беа изнесени мноштво забелешки на дел од пропишаните олеснителни и отежнувачките околности во смисла на потешкотии за нивна успешна практична примена и оцена како од страна на обвинителите, така и од страна на судиите. Притоа, особено беше укажано на фактот што некои отежителни околности се бодувани со повеќе бодови од олеснителните околности, поради што се изрази загриженост дека тоа неизбежно ќе доведе до заострена казнена политика без за тоа да има доволно причини во конкретниот случај;
- судиите истакнаа дека во однос на обидот го применуваат КЗ, како поблаг закон во однос на ЗОВОВК;
- судиите истакнаа дека не треба да се очекува некој посебен придонес на ЗОВОВК бидејќи тие најчесто ги оценуваат оние околности кои претходно беа содржани во чл. 39 од КЗ, но сега мора да ги вкалапуваат во соодветна форма, бодови и работни листови;
- наместо да биде помош за судиите, ЗОВОВК ја отежна нивната работа бидејќи ги оптовари со пополнување работни листови;
- овој закон ја повредува самостојноста на судиите и ќе придонесе за нови дилеми, проблеми и нелогичности во одмерувањето на казната и до највисок степен и сосема неоправдано ја усложнува постапката за одмерување на казните;
- во континенталните држави вообичаена практика е во законите од кривичната област да се пропишуваат и законските минимуми и максимуми на казната, па не се гледа оправданоста од донесувањето на новиот закон;
- честопати олеснителните и отежителните околности се ценат врз основа на даден исказ од обвинетиот или неговиот бранител, без тие да бидат поткрепени со посебни докази. Со цел да се надмине ваквиот приод, ви требало во ЗКП да постои посебно рочиште за одмерување на санкцијата на којашто странките би презентирале докази за одделните олеснителни односно отежителни околности;
- наместо казнените рамки и околностите што се земаат предвид при одмерување на казната да бидат резултат на анализи што ќе ги прави Комисијата, таа добива улога на ревизор на донесените одлуки од страна на судиите;
- со ЗОВОВК се минимизира слободното судиско убедување, што е спротивно на владеењето на правото и правичноста;

- мора да се обезбеди поголема флексибилност за судијата при индивидуализација на казната;
- една околност во еден случај може да се цени како олеснителна, а во друг случај како отежнувачка околност, па оттука строгата и формализирана поделба на околностите нема секогаш да придонесе за правилно одмерување на санкцијата;
- нема кој во полза на обвинетиот ќе прибавува докази во однос на олеснителните околности кога тој нема бранител во постапката, а судот, и покрај тоа што е свесен за ваквиот процесен и материјален хендикеп на обвинетиот, ќе мора да одмерува казна во рамките на бодовите пропишани со ЗОВОВК, со што неизбежно ќе се одмеруваат неправични санкции.
- ЗОВОВК беше донесен со цел да ја воедначи судската практика, но од пресудите што ЕСЧП ги донел против РМ во однос на невоедначена практика, се забележува дека проблемите со невоедначената судска практика ниту се однесуваат на казнената област, а уште помалку на начинот на одмерување на санкциите, па во оваа смисла, не постои аргумент со кој се оправдува нужноста од постоење на посебен закон за одмерување на казните;
- според ставовите на практичарите, во случај кога првостепениот суд при определување на вертикалното ниво зел предвид санкција којашто не требало да биде земена предвид – било затоа што судијата погрешно сметал дека таа санкција не треба да се смета за бришана, а биле исполнети условите за нејзино бришење, или ако зел предвид санкција за којашто е во тек повторување на постапката поради судење во отсуство, а тоа првостепениот суд не го знаел или направил ненамерен превид, овие околности може да се отстранат само со жалба до повисокиот суд;
- раководејќи се од чувството за правичност, судиите настојуваат да бидат максимално креативни во крутите рамки што ги поставува ЗОВОВК и преку играта на бодови и објаснувања вложуваат напори како да ја приближат математичката пресметка кон правичноста во одмерувањето на санкцијата.

## X. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

### ДОМАШНИ ИЗВОРИ:


**Бужаровска, Г./Калајџиев, Г./ Karnavas, M.G./Re, D.,** Спогодување на вина: прирачник за практичари, www.osce.org/skopje/78150;

**Бужаровска, Г./Узунов, В./Мисоски, Б.,** Анализа на изречените санкции кај одделни видови кривични дела во периодот 2002-2005, МРКК, бр. 2-3/2008, стр.279-309;

**Груевска-Дракулевски, А.,** Казнената политика на судовите во Република Македонија во периодот 2007-2011, МРКК, бр. 1-2/2011-2012, стр. 157-197;

**Деаноска-Трендафилова, А.,** За спецификите и движењето на сообраќајниот криминалитет во периодот 2002-2011 година, МРКК, бр. 1-2/2011-2012, стр. 199-215;

**Камбовски, В.**Казнено право – општ дел, IV изменето и дополнето издание, Просветно дело, Скопје, 2011;

**Камбовски, В./Тупанчески, Н.,** Кодификација на казненото законодавство, Здружение за кривично право и криминологија на Македонија и ОБСЕ Набљудувачка Мисија во Скопје, јануари 2015;

**Камбовски, В./Тупанчески, Н./Деаноска, А./Мисоски, Б.,** Одмерување на казната во законските рамки, Македонска ревија за кривично право и криминологија (МРКК), бр. 2-3/2008, стр. 235-277;

**Камбовски, В.,** Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Матица, Скопје, 2011;

**Камбовски, В.,** Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Второ изменето издание, Матица, Скопје, 2015;

**Костовска, В.,** Одмерување казна за кривични дела во стек, Докторска дисертација, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, март 2016;

**Лажетиќ – Бужаровска, Г.,** Невоедначената казнена политика и нејзиното влијание врз спогодувањето за кривична санкција според Законот за кривичната постапка, Деловно право – Издание за теорија и практика на правото, 70-та средба на правниците, Скопје, мај 2014, стр. 147-165 (Реобјавен труд во МРКК, Јануари, 2015);

**Lažetić – Bužarovska, G./Tupanceski, N./ Mujoska, E.,** Mandatory Sentencing Guidelines: The Case Of Macedonia, European Scientific Journal, August 2016 edition, Vol.12, No.22 ISSN: 1857 – 7881 (Print) e - ISSN 1857- 7431, URL:http://dx.doi.org/10.19044/ esj.2016.v12n22p87;

**Марјановиќ, Ѓ./ Каневчев, М.,** Македонско кривично право – општ дел, седмо изменето и дополнето издание, Просветно дело, Скопје, 2010;

**Матовски, Н./Лажетиќ-Бужаровска, Г./Калајџиев, Г**., Казнено процесно право, Второ изменето и дополнето издание, Скопје, 2011;

**Мујоска – Трпевска, Е.,** Кратките казни лишување од слобода во македонскиот систем на санкции, Докторска дисертација, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, декември 2016;

**Насоки за казнена политика на судовите**, ОБСЕ, Скопје, ноември, 2013;

**Тајд**, **Л.Б.,** "Анализа на македонската казнена политика и препораки за нејзиниот иден развој: кон поеднообразен систем", Мисија на ОБСЕ во Скопје, декември 2012 година;

**Тупанчески, Н./ Лажетиќ-Бужаровска, Г**., Sentencing guidelines – парадоксот на македонското законодавство, 5-ти Загребско - Скопски колоквиум, Загреб, 11-13.06.2015;

**Тупанчески, Н./ Кипријановска, Д.,** Правниот егзибиционизам на македонското казнено законодавство, Правник, март 2014;

## СТРАНСКИ ИЗВОРИ:

**Ashworth, A.,** Sentencing and Criminal Justice, Cambridge, Fourth Edition, 2005;

**Ashworth, A.,** Sentencing and Criminal Justice, Fifth edition, Cambridge University Press, 2010;

**Bloom, Douglas B.,** United States v. Booker and United States v. Fanfan: The Tireless March of Apprendi and the Intracourt Battle To Save Sentencing Reform, Harvard Civil Rights-Civil Liberties Law Review, Vol. 40, 2005, pp. 539-557, p. 553;

**Boothe, Chivonne,** The Halliday Report: In Pursuit of a new Sentencing Framework or a Catastrophic Failure?, Plymouth Law Review (2008) 1, стр. 29-55;

**Caianiello, M.,** Law of Evidence at the International Criminal Court: Blending Accusatorial and Inquisitorial Models, N.C. J. INT'L L. & COM. REG, Vol. XXXVI, 2011, 288-318;

**Crutcher, N.** (2001). Mandatory minimum penalties of imprisonment: An Historical Analysis. *Criminal Law Quarterly* , 44(3), 279-308;

**Damaška, M.,** Dokazno pravo u kaznenom postupku oris novih tendencija, Pravni fakultet u Zagrebu, Poslediplomski studij iz kaznenopravnih znanosti, 2001;

**Dworkin, R.,** Law as Interpretation, во Arguing About Law, (A.Kavanagh&J.Oberdiek, eds.), Routledge-Cavendish, London and New York, 2009;

**Frank, S.,** Teorija kaznenog prava po Krivičnom zakoniku od godine 1951., Opći dio, Zagreb, 1955., стр. 66-68. Zlatarić, B., Stav suvremenog zakonodavca prema novim tendencijama moderne kriminologije i kriminalne politike, Revija za kriminalistiku i kriminologiju, Ljubljana, бр. 4, 1966;

**Gabor, T.,** Mandatory minimum sentences: A utilitarian perspective. *Canadian Journal of Criminology,* 2001, 43: 385-405;

**Gabor, T./Crutcher, N.,** *Mandatory minimum penalties: Their effects on crime, sentencing disparities, and judicial system expenditures* . Ottawa : Department of Justice Canada, 2002;

**Horvatić**, **Ž.,** Problem odnosa u zakonu propisane i sudskim presudama primijenjene kaznenopravne represije prema počiniteljima kaznenih djela, Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu, Zagreb, vol. 11, br. 2/2004, 381-434;

**Horvatić, Ž.,** Osnovne karakteristike kaznene politike sudova u SR Hrvatskoj prema poćiniocima određenih krivičnih djela s elementima nasilja, Zbornik radova: Krivično pravni i kriminološki aspekti delikata nasilja, Zagreb, 1979;

**Hungerford – Welch, Peter,** Criminal procedure and sentencing, Seventh edition, Routledge-Cavendish, London and New York, 2009;

**Klip**, **André,** European Criminal Law, An Integrative Approach, 2-nd Edition, Intersentia, Cambridge – Antwerp – Portland, 2012;

**Krapac, D.,** Kazneno procesno pravo, Prva knjiga: Institucije, IV izmenjeno i dopunjeno izdanje, NN, Zagreb, 2010;

**Kos, D.,** Zakonska i sudska politika kažnjavanja Županijskih sudova u Republici Hrvatskoj - ubojstvo, razbojništvo i teško djelo protiv sigurnosti javnog prometa, Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu (Zagreb), vol. 11, broj 2/2004, str. 435-474;

**Lee, Matthew,** Going Outside the Sentencing Guidelines: An Update on Federal Sentencing Practice and Procedure, June 06, 2008, https://www.lorman.com/resources/going-outside-the-sentencing-guidelines-an-update-on-federal-sentencing-practice-and-procedure-15249;

**Mandatory Sentences of Imprisonment in Common Law Jurisdictions**: Some Representative Models, Research and Statistics Division/Department of Justice Canada, http://www.justice.gc.ca/eng/rp-pr/csj-sjc/ccs-ajc/ rr05_10/rr0 5_10.pdf;

**Meredith, C./Steinke, B./Palmer, S.,** *Research on the Application of Section 85of the Criminal Code ofCanada* . Working Document WD1994-20e. Ottawa : Department of Justice Canada, 1994;

**Meyerson, D.,** Understanding Jurisprudence, Routledge-Cavendish, London and New York, 2007;

**Middleton, David,** The Arrangements for Sentencing in England and Wales, http://www.unafei.or.jp/english/ pdf/ RS_No72/ No72_10VE_Middleton2.pdf;

**Mrčela, M./D. Tripalo,** Zakonska i sudska politika kažnjavanja na području Županijskog suda u Zagrebu, Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu (Zagreb), vol. 11, broj 2/2004, str. 653-674;

**Munivrana, M.,** XVII. Redovito savjetovanje Hrvatskog udruženja za kaznene znanosti i praksu, Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu (Zagreb), vol. 12, број 1/2005, стр. 267-8;

**Novosel, D.,** Žalbe državnog odvjetnika i okrivljenika kao korektiv izrečenih kazni, Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu (Zagreb), vol. 11, broj 2/2004, str. 701-750;

**O'Connell, F.,** Comparative Research into Sentencing Guidelines Mechanisms, Research and Information Service, Research Paper, 2011;

**Otis, William,** The Slow, Sad Swoon of the Sentencing Suggestions, Federal Sentencing Reporter, Vol. 23, No. 2, December 2010, pp. 115-120, https://drive.google.com/file/d/0B5HjNVI rveCFZTc5YjAxNTAtZDE3ZC00 YTM5LTg5MzMtNjBkNjE5NzZkNmRk/view;

**Roberts, J.V.,** Sentencing Guidelines in England and Wales: Recent Developments and Emerging Issues, http://weblaw.haifa.ac.il/he/Events/Punishment/ Documents/Julian %20Roberts.pdf;

**Roberts, J.V.**, Public opinion and mandatory sentencing. *Criminal Justice and Behaviour*, 2003, 20: 1-26;

**Roberts, J.V./Cole, D.P.,** *Making sense of sentencing* . Toronto : University of Toronto Press, 1999;

**Scott, Bobby,** United States v. Booker: System Failure or System Fix?, University of Pennsylvania Law Review PENNumbra, Vol. 160, 2011, pp. 195-208, http://scholarship.law.upenn.edu/cgi/ viewcontent. cgi?article= 1076& context=penn_law_review_online;

**Turković, K.,** Komparativni prikaz osnovnih obilježja zakonske i sudske kaznene politike u Sloveniji, Austriji, Italiji, Njemačkoj i Republici Hrvatskoj, Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu (Zagreb), vol. 11, broj 2/2004, str. 947-999;

**van Zyl Smit, D.**: Oblici odmjeravanja kazne u međunarodnom kaznenom pravosuđu, Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu (Zagreb), vol. 11, broj 2/2004, str. 1003-1024;

**Veitch, S./E.Christodoulidis/L.Farmer**, Jurisprudence: Themes and Concepts, Routledge-Cavendish, London and New York, 2007;

**Шкулић**, **М.,**Кривично процесно право, Друго измењено и допуњено издање, Београд, 2010;

**МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ:**

**Criminal Justice Act 2003**, http://www.legislation.gov.uk/ukpga/2003/44/contents;

**Demographic Differences in Federal Sentencing Practices**: An Update of the *Booker Report*'s Multivariate Regression Analysis 2 (2010), US Sentencing Commission, http://www.ussc.gov/Research/ResearchPublications/2010/20100311_Multivariate_Regre ssion _Analysis_Report.pdf;

**Equality and Law Reform** "White Paper on Crime: Discussion Document No 2", Department of Justice, February 2010;

**The Development of Sentencing Policy**, Select Committee on Justice, Fifth Report, http://www.publications.parliament.uk/pa/cm200708/cmselect/cmjust/184/18402.htm;

**Government response** to the Justice Select Committee's Report: "Sentencing guidelines and Parliament: building a bridge" Ministry of Justice, Crown Copyright, September 2009, https://www.gov.uk/government/_uploads/system/uploads/_attachment_data/_file/228512/ 7716.pdf;

**Making Sentencing Clearer**, Home Office, 2006, https://www.liberty-human-rights.org.uk/sites/default/files/response-making-sentencing-clearer.pdf;

**An Overview of the US Sentencing Commission**, www.ussc.gov/;

**Powers of Criminal Courts (Sentencing) Act 2000**, Section 111; Firearms Act 1968, Section 51A, http://www. legislation.gov.uk/ukpga/1968/27/contents;

**Recommendation No. R(92)17** concerning consistency in sentencing, 19.10.1992;

**Report on the Continuing Impact of United States v. Booker** on Federal Sentencing, US Sentencing Commission, http://sentencing.typepad.com/files/part-a---continuing-impact-of-booker-on-federal-sentencing.pdf;

**Report of the Review of the Sentencing Framework for England and Wales**: Making Punishments Work, July, 2001, (The Halliday report) ;

**Results of Survey of United States District Judges** January 2010 through March 2010, United States Sentencing Commission, June 2010, http://www.ussc.gov/sites/default/files/pdf/_rese arch -and-publications/ research-projects-and -surveys/surveys/20100608_Judge_Survey.pdf;

**Sentencing Guidelines and Parliament: building a bridge**, Sixth Report of Session 2008–09, House of Commons Justice Committee, 2 July 2009, para. 66, http://www.publications. parliament.uk/ pa/cm200809/cmselect/ cmjust/ 715/715.pdf;

**Sentencing Reform Act, 1984**, Pub. L. No. 98–473, 98 Stat. 2019 (1987) ;

**Study on the development of an EU-level offence** classification system and an assessment of its feasibility to supporting the implementation of the Action Plan to develop an EU strategy to measure crime and criminal justice, The Crime Statistics Project, UNISYS & IRCP, Final Report;

**Violent Crime Reduction Act 2006**, Section 30, http://www. legislation.gov.uk/ ukpga/2006/ 38/contents.

## ИНТЕРНЕТ САЈТОВИ:


http://www.ussc.gov/

http://www.ussc.gov/sites/default/files/pdf/guidelines-manual/2016/GLMFull.pdf

http://www.ussc.gov/topic/research-reports

http://www.ussc.gov/sites/default/files/pdf/about/overview/Overview_Federal_Sentencing_Guidelines.pdf

http://www.legislation.gov.uk/ukpga/2009/25/part/4/chapter/1

http://www.sentencingcouncil.org.uk/

http://www.sentencingcouncil.org.uk/about-us/council-members/

http://www.irishsentencing.ie/

http://www.irishsentencing.ie/en/ISIS/Analysis%20of%20Sentencing%20for%20Drug%20Offences,% 20 Mar% 20 2014. pdf /Files/Analysis%20of%20Sentencing% 20for%20Drug%20 Offences,% 20Mar%202014.pdf

http://www.justice.ie/en/JELR/Pages/OverviewOfWPOC

http://www.iprt.ie/

http://www.reformplan.per.gov.ie/2014/sectoral_priorities_nav/3.5_justice/3.5.html

# Прилог: 1

**З А К О Н**
**ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ВИДОТ И ОДМЕРУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КАЗНАТА**

***(Службен весник на РМ, бр. 199 од 30.12.2014 година)***

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува одредувањето на видот и одмерувањето на казната, договарање за видот и висината на казната меѓу јавниот обвинител и обвинетиот во рамките на спогодувањето како и формирањето, составот, мандатот и надлежностите на Комисијата за воедначување на казнената политика.

Член 2

Целта на законот е воедначување на казнената политика при изрекувањето на казните од судовите во Република Македонија преку пропишување објективни критериуми за одредување на видот и одмерување на висината на казната.

Член 3

Законот се заснова на следниве начела:
- Законитост,
- Индивидуализација на казната,
- Пропорционалност на казната со стореното кривично дело,
- Ефикасност,
- Воедначување на казнената политика, и
- Транспарентност.

## II. КОМИСЈА ЗА ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА КАЗНЕНАТА ПОЛИТИКА

Член 4

Се основа Комисија за воедначување на казнената политика (во натамошниот текст: Комисијата).

Комисијата е независно и советодавно тело кое се грижи за воедначување на казнената политика во изрекувањето на казните преку предлагање критериуми за одредување на видот и одмерување на висината на казната.

Член 5

Комисијата е составена од седум члена кои ги избира Собранието на Република Македонија со мандат од четири години, со право на повторен избор од кои:
- два члена се избираат по предлог на Јавниот обвинител на Република Македонија, од редот на јавните обвинители со најмалку 10 години работно искуство во кривичната материја,
- два члена се избираат по предлог на Судскиот совет на Република Македонија од редот судии со најмалку 10 години работно искуство во кривичната материја,

- еден член се избира по предлог на Адвокатската комора на Македонија од редот на адвокатите со најмалку 10 години работно искуство во кривичната материја,
- еден член се избира по предлог на министерот за правда, од редот на редовните или вонредните професори по предметите од казнената област и
- еден член се избира по предлог на Владата на Република Македонија, од редот на редовните или вонредните професори по предметите од казнената област.
Комисијата има седиште во Министерството за правда и во односите со другите органи и лица настапува со свое лого, кое го утврдува Комисијата.
Од редот на избраните членови, Комисијата избира претседател со мандат од две години, со право на повторен избор.
Мандатот на член на Комисијата му престанува пред истекот на времето за кое е избран:
- по лично барање,
- поради смрт и
- ако трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата.
Исполнувањето на условите од ставот 4 на овој член ги утврдува Комисијата со мнозинство гласови од вкуупниот број членови и поднесува иницијатива за престанок на мандатот до Собранието на Република Македонија.
При изборот на членовите на комисијата, без да се нарушат критериумите предвидени со овој закон, се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои им припаѓаат на сите заедници во Република Македонија.

Член 6

Комисијата ги има следниве надлежности:
- ја следи и анализира казнената политика на судовите во Република Македонија, во смисла на целите на казнувањето (т.е., утврдената казна, запретената казна, способноста за вина, превенцијата и рехабилитацијата, како и пресудите донесени врз основа на спогодба меѓу јавниот обвинител и обвинетиот);
- предлага мерки за обезбедување на сигурност и правичност во исполнувањето на
целите на казнувањето, заради избегнување на неоправдан диспаритет меѓу сторителите на кривични дела со слични карактеристики осудени за исти или слични кривични дела (според објективната категоризација на кривични дела согласно овој закон), со почитување на диспозицијата на судот при оцената на отежнувачките и олеснувачките околности;
- доставува предлози до Министерството за правда на Република Македонија за изменување и дополнување на Кривичниот законик и на овој закон;
- доставува годишен извештај до Собранието на Република Македонија;
- до Министерството за правда доставува шестмесечни извештаи за прашањата од нејзина надлежност, за што Министерството ја известува Владата на Република Македонија и
- доставува известувања до Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавни обвинители, до Врховниот суд на Република Македонија и Јавниот обвинител на Република Македонија за примената на овој закон по судови и дава предлози и укажувања за начинот на воедначување на казнената политика.

Член 7

Административните работи на Комисијата ги врши Министерството за правда.
Средства за остварување на програмата, како и за работата на Комисијата се обезбедуваат во рамките на финансиските средства од буџетот на Министерството за правда.
Членовите на Комисијата кои се од внатрешноста на Република Македонија, односно надвор од градот Скопје имаат право на соодветен надоместок на патните трошоци.
Членовите на Комисијата имаат право на месечен надоместок за работењето во Комисијата во висина од една просечна месечна бруто плата исплатена во претходниот месец на ниво на Република Македонија.

Член 8

Комисијата донесува Статутот и Програма за работа за секоја тековна работа. Со Статутот се уредуваат:

- внатрешната организација и начинот на вршењето на работата на Комисијата,
- раководењето со Комисијата,
- правата и обврските на претседателот и членовите на Комисијата и
- употребата на средствата за работа на Комисијата.

## III. ОДРЕДУВАЊЕ НА ВИДОТ И ОДМЕРУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КРИВИЧНИТЕ САНКЦИИ

Член 9

Одредувањето на видот и одмерувањето на висината на кривичните санкции судијата го врши врз основа на следниве објективни критериуми:

1. објективна категоризација на кривичното дело и
2. поранешниот живот на сторителот на кривичното дело.

Член 10

